**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јани Макрадули, Ќенан Хасипи, Рафет Муминовиќ, Стојан Андов, Славица Станковска, Андреј Жерновски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Теута Арифи, Хусеинџевад Хусеини, Назми Беќири, Мендух Тачи, Абдулади Вејсели, Љубчо Георгиевски и Марија Којзеклиска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Претставникот на Владата нека влезе во салата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на изборен законик.

Отворам претрес по амандман на член 31 став 2 точка 3, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровцанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Алаксандар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда. Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојаноски, повелете.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници.

Овој амандман се однесува на надлежноста на Државната изборна комисија и во членот 31 став 2 каде што се одредуваат сите точки кои што претставуваат надлежност на Државната изборна комисија стои точката 3, каде се вели дека "Државната изборна комисија го разрешува секој член на изборен орган, во случај на противзаконско работење". Значи, Државната изборна комисија има исклучително важна улога, исклучително силно влијание врз структурата на изборните органи и врз одвивањето на целокупниот изборен процес. Можноста за разрешување на член на изборен орган, значи можност за разрешување не само на член на општински изборни комисии, туку и на секој член на изборен орган кој што го повредил, го прекршил законот, односно противзаконски постапува. И, тоа не е спорно воопшто затоа што нормално е Државната изборна комисија да ја носи најголемата одговорност за спроведувањето на изборите. Меѓутоа, пропустот кој се има овде направено е во однос на тоа дека после разрешувањето од страна на Државната изборна комисија, на член на изборен орган, има една ситуација во која што избирачкиот орган чиј член е разрешен останува без еден член. Бидејќи во останатите членови од овој закон е утврдено дека изборните органи имаат членови и нивни заменици, нормално е да се очекува на местото на разрешениот член на изборниот орган Државната изборна комисија треба да именува нов член на изборниот орган, заради пополнување на составот на изборниот орган.

Ова, треба да се регулира и ние побаравме со еден од претходните амандмани да се регулира тоа со посебен закон, затоа што начинот на избор е сосема различен од начинот на разрешување. Начинот на разрешување претпоставува утврдување на повреда на закон, утврдување на одговорност или вина кај оној што бил член на изборниот орган од што би произлегло негово разрешување од членство во изборниот орган. Меѓутоа, после тоа треба повторно една процедура која што ќе значи избор на нов член. Зборувам за ситуација во која што имаме веќе избрано изборни органи. Значи не во првиот момент на избор на изборните органи, туку тие се веќе избрани, веќе се отпочнати процесни дејствија. Ова може да се случи на самиот ден на изборите, затоа што прекршувањето на изборните закони, на самиот ден, од страна на членови на изборните одбори, може да биде најмногу изразено на самиот ден на гласањето. А на самиот дел на гласањето, ако нема надлежност Државната изборна комисија директно да именува нов член, и ако тоа го прави согласно решението кое што го предлага Владата врз основа на лотарија која што ќе се спроведе по упатство или правилник од страна на Државната изборна комисија, јас навистина не знам колку време ќе и треба на Државната изборна комисија во ваква ситуација, при 2976 гласачки места и евентуални повреди на членови на овие избирачки одбори, на примената на изборниот закон...

**Љупчо Јордановски.** Ве молам пратеници, договорите правете ги кога ќе имате пауза. Сега да го ислушаме пратеникот Стоајновски.

Повелете господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Значи Државната изборна комисија треба да го разреши членот на самиот ден на гласање, затоа што тој противзаконски постапувал и на неговот место треба да именува нов. Како тоа ќе го направи, и дали има овластување да го направи тоа, затоа што ако е согласно жребување и согласно правилник што ќе го донесе Државната изборна комисија. Јас

незнам како ќе успее Државната изборна комисија да спроведе именување на нови членови, дали тоа ќе го префрли како надлежност на општинските или на Државната изборна комисија, тоа веќе не е толку важно затоа што ако се зборува за лотарија, тогаш на самиот ден на гласање јас не знам кој ќе спроведува лотарија и како сето тоа би изгледало. Затоа нашиот предлог е Државната изборна комисија доколку утврди неправилности од страна на член на изборен орган, да го разреши тој член во чие постапување се утврдени тие неправилности и на негово место да именува нов. Како тоа ќе се направи, може да биде како што предлагаме тука, тоа да биде во согласност со посебен закон. Меѓутоа, јас би рекол и доколку не се донесе посебен закон во однос на ова прашање, или доколку Владата решила да нема посебен закон со кој ќе се уреди начинот на жребување, начинот на обезбедување на полова застапеност, над 30% во изборните органи, на соодветна и правична застапеност на етничките заедници. Значи, доколку решила тоа да го прави на едно ниво на правилник на Државната изборна комисија, тогаш јас би ја повикал Владата, овој амандман кој би завршил со - именува нов член во изборниот орган, да го прифати затоа што, верувајте на овој начин како што е сега решено во законот, пред се Државната изборна комисија, а и општинските изборни комисии ќе се доведат во една ситуација да не знаат што да прават, доколку некој прави проблем во однос на спроведувањето на гласањето. И уште еден аргумент, ако можам така да истакнам, заради партиските претставници во изборните органи. Што ако член на избирачки одбор, предложен од СДСМ или предложен од ДПМНЕ скрши кутија, го повреди законот. Што тогаш ќе направи општинската изборна комисија? Ќе го разреши согласно овој член и што потоа? Ќе достави известување до политичката партија да именува нов член, па потоа политичката партија ќе достави предлог до општинската изборна комисија, па општинската изборна комисија ќе заседава, па ќе избере нов член на изборниот орган, а сето тоа на денот на изборите. Значи, овие решенија, или вака како што е сега решението не значи можност за корекција на изборните нерегуларности преку разрешување членови на избираки одбори. Тоа е уште еден доказ, сакам да истакнам тука дека е неприфаливо о еден концепт кон кој се стреми целиот овој законик да не може да се зборува за целосно непартиски изборни органи, туку веднаш се појавува проблемот, кога станува збор за предлози од страна на политичките партии, затоа што тие предлози се инкопатибилни, несврзливи со концептот кој треба да биде прифатен во самиот законик. Затоа сметам дека Владата треба да најде начин да ги речи овие прашања. Пак ќе истакнам, тоа што го предлагаме не го предлагаме како интерес само на ВМРО-Народна партија, туку ова го предлагаме како интерес на државата, да направиме подобар закон, функционален закон со кој ќе бидат оневозможени сите видови на нерегуларности во текот на спроведувњето на изборите. Ако ова не ни е цел на сите заедно, ако некој вели ние не слушаме вие што зборувате затоа што вие сте од Народна партија не учествувавте во договорот што ние го правевме со ДПМНЕ или незнам со кои други, тогаш јас не можам да сватам чиј интерес овде се застапува, интересот на Република Македонија како држава, нејзините евроатлански тенденции или интересот на тесни политички групации кои меѓу себе ќе се договорат како да опстојат на власт. Благодарам.

**Љупчо Јордановски.** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот. Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Има доволно потпишани пратеници, но од опозицијата. Не знам дали има од позицијаа, но тоа веќе не е проблем на опозицијата. .

Објавувам пауза до 11,30 часот.

(По паузата седницата продолжи во 11,38 часот).

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата недостасуваат уште 6 пратеници.

Ги уклучувам десетте минути за кворум.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата недостасуваат уште тројца пратеници.

Госпоѓа Топузова, имате збор? Повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседтеле.

Од името на пратеничката група на ЛДП, барам пауза од половина час.

**Љупчо Јордановски:** Пауза од половина час.

После тие половина час, нема десет минути за кворум, ќе има пет минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,28 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Присутни се 56 пратеници, и ве известувам дека течат 10 минути за кворум.

Збор побара господинот Јанаќе Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Сакам да кажам дека целата македонска јавност што се случува овде во Парламентот. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, не сте во право. Не сте во право господине Витановски.

Господине Витановски можеби опозицијата не е задоволна од изборниот закон, политички е за борба против тоа и нормално е да не бидат присутни, само не ми е јасно зошто ВМРО ДПМНЕ не е тука.

(меѓусебно договарање на пратениците).

Јас го кажав тоа што вие мислевте да го кажете.

(Во салата влегуваат некои пратеници)

Благодарам.

Сега можете да седнете, имаме 61 пртеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Во салата влегуваат пратениците на пратеничката група на ВМРО Народна партија.

(Господинот Ѓорѓи Оровчанец бара уште еднаш да се пребројат присутните пратеници).

Господине Оровчанец нема потреба да се брои, бидејќи додека беше гласањето вие влеговте и се пристапи кон гласање.

Значи, од 67 присутни 4 гласале за амандманот, нема воздржани и 63 против амандманот.

Констирам дека амандманот не е прифатен.

(Реагирање на пратениците од пратеничката група на ВМРО Народна партија).

Има повеќе од 67 пратеници, не сакам да се брои, затоа што во секој случај има над 61 пратеник со вашето присуство.

Затоа реков кога ќе почнам да го читам предлогот тогаш да влезете.

Значи, Собранието не го прифати амандманот.

Господине Караџоски сакам да ви кажам дека никогаш не се служам со трикови да нема 61, а да кажам дека се 61 пратеник. Барем ме научивте за тоа во овие две ипол години.

**Жарко Караџоски:** Ние и затоа чекавме да се соберете 61.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е мојата пракса барем во овие две ипол години.

Повелете господине Караџоски:

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе,

Бидејќи јавно проговоривте во ред е да одговорам.

Воопшто не прашав и не се посомневав дека направивте 61 пратеник, ние за тоа и влеговме. Чекавме да се соберете 61, а сосема друго разговаравме.

**Љупчо Јордановски:** Проштевајте тогаш господине Караџоски.

(Реакција на пратениците во сала)

Го спомнав господинот Караџоски и затоа му дозволив.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2 точка 9 поднесен од пратеникот Никола Апостолоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска Ѓеорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Стојаноски имате збор. Извинете, претходно има збор господинот Апостолоски, бидејќи е предлагач.

Повелете господине Апостолоски.

**Никола Апостолоски:** Благодарам господине претседателе,

Амандманот го повлелкувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2 за бришење на точка 19 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристсо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска Ѓеорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Господине пртседателе, јас сакам најпрво да изразам една благодарност што ни се овозможи да ги искажеме нашите аргументи за обезбедување на кворум од страна на Парламентарното мнозинство, а ги гледам учесниците, како што милува да каже господинот Кондарко "Вештиот компромис" го нема тука за да покажат дека овој изборен законик е добар како што го бранеа до вчерашниот ден.

Јас се надевам дека овие аргументи со кои настапуваме и на оваа говорница се доволно силни и веќе сфативте сите дека не се интерес на ВМРО Народна партија туку интерес на Република Македонија за создавање на услови за фер и демократски избори.

Затоа овој амандман за кој што расправаме се однесува на надлежноста на Државната изборна комисија и сметам дека тој дел не е регулиран, а требаше да биде регулиран со овој закон.

Ова вчера го кажав во нашиот предлог амандман затоа што во ждребувањето или во случајниот избор и именувањето на изборните органи треба да биде регулирано со посебен закон, затоа што факт е дека со овој закон требаше да се направат голем број на амандмани кои што ќе значат целосно решавање на прашањето на ждребувањето или лотаријата, особено поради тоа што ова е поврзано со членот кој што ја уредува застапеноста на етничките заедници и застапеноста на половите во изборните органи.

Јас затоа сметам дека Владата направила превид со тоа што не ги внела решенијата на овие прашања во законикот, туку го оставила на решавање со правилник на Државната изборна комисија. Со овој амандман предлагаме да се брише точката 19 од членот 31 која гласи дека Државната изборна комисија донесува правилник со кој се утврдуваат критериумите, за начинот и постапката на изборот на

претседателот, негов заменик и членовите и нивните заменици во изборните органи.

Ова прашање е многу важно заради прашања кои што се многу важни, а кои што требаше да бидат решени со овој законик. Само ќе напомнам некои од нив.

Прво, во изборните органи едно прашање е општинската изборна комисија, друго прашање се избирачките одбори.

Кога се работи за општинската изборна комисија знаеме дека таму треба да бидат членови од државната администрација, што значи дека општинските изборни комисии треба да бидат бирани од список од државната администрација, од вработени во државната администрација со условите кои што се наведени дека треба да ги исполнуваат согласно овој закон. Што треба да се случи?

Тој список од 10-тина илјади лица треба да се подели на два списоци, еден мажи, еден жени, затоа што согласно еден од членовите на овој закон потгребно е најмалку 30% да бидат припадници на женскикот пол во изборните органи. Значи, не е спорно да бидат, меѓутоа, прашање е како тоа ќе се операционализира, како ќе се изведе.

Понатаму треба посебен список, зборувам сега само за општинските изборни комисии, посебен список за мажите вработени во државната администрација.

Потоа треба од списокот за мажи да има посебен список на припадници на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија за општините каде што над 20% има припадници на тие заедници.

Треба уште еден список за сите оние други кои не се припадници на тие над 20%, туку се припадници на македонскиот народ или на другите етнички заедници во Република Македонија.

Значи, само за општинските комисии имаме четири списоци. Тие четири списоци од секој список треба да се изведе лотарија. Како тоа ќе се спроведе, дали тоа ќе биде она вчера што го зборував, со комисија од Министерството за финансии со влечење или со некој компјутерски систем за кој што веќе се најавува дека бил во фаза на подготовка и кога тоа ќе се направи и откако ќе се направи колку време ќе има за обука на тие лица кои што по случаен избор биле избрани, навистина јас не гледам некое решение со овој закон .

Втората работа, избирачките одбори.

Општинските изборни комисии треба да ги именуваат членовите на избирачките одбори врз основа на критериуми, начин и постапка утврдени со овој правилник, така што предлагаме да се брише и ова прашање да се уреди со закон. Тоа отвора исто така проблеми од типот дека оние членови кои што не се членови на политичките партии, тоа се двајца членови од јавната администрација и еден член од државната. Значи, ќе треба по списоците за кои што претходно зборував да бидат и тие внесени, кои што нема да бидат избрани во општинските изборни комисии, значи вработени во државната администрација и оние други кои што се со пониско образование, кои што се вработени во државната адмнистрација. На тој начин тој список би бил подолг кога се работи за избор на пртседатели на избирачките одбори, затоа што тие треба да бидат од редот на државната администрација.

Кога ќе се направат новите списоци тие треба повторно да се поделат на мажи и жени, повторно да се поделат по етничка припадност.

Кога ќе се заврши постапката за избор на претседатели на избирачките одбори, одиме понатаму за избор на двајца членови на избирачките одбори овој пат од редот на јавната администрација односно од редот на вработените во образованието, здравството културата итн.

Значи, тие списоци повторно треба да се поделат по етничка припадност заради соодветната застапеност на етничките заедници и повторно треба да се поделат по полова припадност.

Врз основа на сето тоа, треба да се направи изборен орган кој што ќе биде составен од мажи, жени и припадници на етничките заедници кои што се над 20% во соодветната општина и припадници на другите кои што се жители на та општина.

Понатаму, веднаш се поставува прашањето колку ќе треба по ждрепка да се избираат од државна и јавна администрација по полов клуч, затоа што ако 30% треба да бидат жени во избирачките одбори, значи може и повеќе, тогаш дали ќе биде правило само по една жена или двете жени што ќе бидат претставници на јавната администрација да бидат членови на избирачкиот одбор, или тоа ќе треба да биде претседателот на избирачкиот одбор, па веднаш се поставува прашањето како тоа ќе се направи за претседателите на избирачките одбори. Каде, во кои избирачки места ќе се одлучи да бидат претседатели од женскиот пол. Како тоа ќе се направи. Јас не гледам решение дека сите овие прашања ќе треба да ги решава државната изборна комисија со правилник или упатство, како што се наведува во еден друг член од законот.

Кога ќе се заврши целата оваа постапка, кога ќе се види кои се ќе бидат претседатели, кои ќе бидат членови од јавна администрација во избирачките одбори веднаш одиме во втора фаза кој и по кој клуч ќе ги предлага од страна на политичките партии.

Значи, остануваат уште два члена, еден од власта и еден од опозицијата.

Од власта треба да бидат од соодветниот избирачки одбор, кои се тие тројца што се избрани, па затоа да видат дали имаат обврска или немаат обврска да предложат жена, или да предложат припадник на соодветната етничка заедница. И од друга страна истото тоа треба да

биде од страна на опозицијата која што треба да учествува со свој член во избирачките одбори.

На тој начин се доведуваме во една невозможна ситуација со остварување на сите овие критериуми и во услови кога имате одредби во овој закон за откажување од вршење на должноста или изземање доброволно на оделни членови во избирачките одбори или во општинските изборни комисии, а потоа потреба да се именуваат нови членови, навистина јас мислам дека членовите на Државната изборна комисија треба да бидат супермени за да ги решат сите овие прашања на начин кој што ќе биде задоволителен за сите учесници во изборниот процес и кој што ќе значи создавање на доверба во изборните органи кои треба да бидат избрани во текот на процедурата после формирањето на Државната изборна комисија односно после донесувањето  на правилник за решавање на овие прашања, а да не зборувам после нивното именување кој се учествувал во неправилности во изборните дејствија во претходниот период, кој е казнуван и сето она што го зборувавме во претходниот период, а потоа треба да биде изземен од тие причини, затоа што согласно законот не смее да биде член на избирачките одбори лице кое направило прекршување на изборните закони во претходните изборни циклуси, па понатаму треба именување на нови на нивни места и кога сето тоа евентуално би се средило, што навистина се сомневам дека може некој тоа да го направи така добро за да се изгради доверба во овие органи, тогаш треба да одиме на обука која треба да трае 20-тина дена, па како што читам по медиумите тоа требало да биде на начин кој што ќе значел два дена посетување, еден ден општинските изборни комисии, уште еден ден членовите на избирачките одбори, кои за еден ден не знам колку ќе можат да го совладаат овој изборен закон, за кој расправаме веќе трети ден, иако се соочуваме со опструкција од страна на парламентарното мнозинство заедно со нивните предлагачи од ДПМНЕ кои не можат да обезбедат кворум и ние сме принудени да чекаме за да ги искажеме нашите аргументи во однос на овие прашања.

Затоа, би апелирал за сериозен пристап во однос на овие прашања, затоа што за ВМРО-Народна партија донесвуањето на овој закон треба навистина да биде добра основа за спроведување на фер и демократски избори, а она што значи  почитување на тој закон, тоа ќе го оставиме на политичките партии, кои ако вака не сериозно пристапуваат кон конципирањето на законот и кон односот кон Парламентот во однос на временската димензија во донесувањето наовој закон, јас не знам колку ќе бидат сериозни при самото спроведување на изборите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** За реплика се јави господинот Зоран Томиќ. Повелете господине Томиќ три минути реплика.

**Зоран Томиќ:** Евидентно е дека јас и колегата Блаже Стојановски ја продолжуваме нашата дискусија овие денови. Прво ќе му кажам дека со внимание ги прочитав неговите стенограми, каде што ме посоветувал во одговорот на мојата реплика, меѓутоа, криво ми е што тој не стигна да го прочита мојот одговор во однос на она што вчера го кажав.

Сакам да го кажам следното: Ако сакаме нависитна сериозен пристап, многу го почитувам ова што група пратеници по членот 31 поднесоа дури 9 амандмани, но го почитувами тоа што Владата најде разбирање и што Државната изборна комисија ќе се избира со двотретинско мнозинство наместо со обично мнозинство. Меѓутоа,не можам да разберам едно нешто. Имено, ако сега предлагаме токму со овој амандман, а еве колегата Блаже се обиде навистина доста аргументирано да објасни зошто ни треба лекс-специјалсит, а не правилник од Државната изборна комисија, тогаш си поставувам прашање и навистина би сакал одговор, каква ќе биде тогаш функцијата на Државната изборна комисија, па до колку таа не ги утврди критериумите околу начинот на избор, начинот на отповикување, начинот на сето она што треба за членови на одбори, јас навистина не гледам што Државната изборна комисија. Држи ова што го говорите, колега Стојановски, односно држат доста од аргументите, но ако ни треба за секоја одредба, за сите 9 амандмани 9 посебни закони не знам каде ќе не одведе тоа. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика господине Стојановски, повелете.

**Блаже Стојановски:** Вака колега Томиќ. Сметам дека вака како што е поставена работата во овој законик, единствено нешто што ќе направиме ќе ја дискредитираме Државната изборна комисија уште пред да почне да ги реализира изборите, затоа што правилникот кој ќе го донесе Државната изборна комисија, јас ве уверувам, ќе биде донесен на начин во кој ќе се појават многу незадоволници од начинот на ждребувањето и самата процедура и јас не знам колку учесниците во изборниот процес ќе може да имаат доверба во начинот на избор на општинските изборни комисии на избирачките одбори со регулирање, со упатство кое треба да го доенсе Државната изборна комисија. За да ја поставиме позицијата на Државната изборна комисија како врховен орган кој што треба да ги спроведе овие избори значи да ја тргнеме од можноста да се манипулира околу нејзината непристрасност преку донесувањето на вакво упатство и правило.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, имате збор, повелете.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се потрудам да дадам свои аргументи во контекст на овој амандман кој што го предлагаме. Ќе започнам на следниот начин. Постои огромна разлика меѓу правилник како акт и закон како акт. Ние правниците тоа многу добро го разбираме,

значи силата на еден закон не може да се мери со силата на еден правилник, од фактот кој го носи законот и кој носи правилник се гледа и кои се правните дејствија односно правната сила на таквите акти. Зошто ние со амандманот бараме прашањето во однос на критериумите за начинот и постапката на избор на претседател на Државната изборна комисија, за начинот односно критериумите за постапка за избор на заменик на претседателот на Државната изборна комисија и членови и нивни заменици во изборните органи, да бидат утврдени со закон, отприлика ќе се обидам да објаснам. Кога една материја е од ваква суштинска работа, а да не заборавиме дека Државната изборна комисија сега станува еден таков орган кој е најодговорен за спроведување на изборите, а нашите заложби се да бидат фер и демократски и ако тој орган со прифаќањето на нашиот амандман го издигнавме на така високо ниво, да биде изгласуван односно избиран со двотретиснко мнозинство од страна на Парламентот, тоа значи дека на тој орган треба да му дадеме комплетна состојба чиста од почетокот од старт за да имаме доверба во тој орган. Ако со надлежност предвидена во точката 19 дадеме за право сите овие критериуми кои претходно ги кажав да ги утврдува Државната изборна комисија со свои правилник, сите политички субјекти, вклучително и граѓаните на Република Македонија, нема да можат да знаат какос е направил тој правилник и што содржи, освен во моментот кога тој правилник ќе биде донесен од страна на Државната изборна комисија и ќе биде соопштено и на политичките субјекти и на јавноста кои се критериумите и какви се критериумите. Тука нема место за приговор, тука нема место ниту за расправа, ниту пак за вклучување на одредби кои можат да придонесат кон подобрување и т.н. Што е судбината на правилникот. Правилникот е акт на еден орган, за кој се дебатира само во тој орган и ништо пошироко. Додека закон, законот има предлагач, според Уставот тоа е Владата, пратеник или 10 илјади граѓани како подносители и постапката во однос на тој закон не само што го врви филтерот кај предлагачот туку го врви филтерот и овде во Собраниеот преку матичните комисии, па и на пленарната седница. Да не зборувам за тоа дека скоро на секоја седница овде се потврдува она што ајс го зборувам. Дури и кај овој законик кој во старт можеше да се оцени дека имаме еден куп амандмани, ама предлагачот ќе си опстои на она што го напишал, еве се случува и кога некој најмалку очекува да биде прифатен некој амандман, а јас се надевам дека ќе бидат прифатени и други, што значи дека улогата на пратениците во дебатирањето и аргументирањето на она што е поднесено во вид на амандман го корегира текстот. Сега да не зборувам дека многу подобар концепт од овој што сега ни е понуден беше корегиран на една маса, која е надвор од сите овие институции и која го доведе во прашање комплетниот концепт. Можеби во тој концепт кој го имавме и го подржавме во првата фаза како пратеничка група едно вакво решение немаше да биде спорно.Немаше да биде спорно затоа што знаеме дека таму е вклучена јавната админситрација и може да се верува дека при една такв аситуација, при една таква стручност за се претходно кажано ајде да веруваме дека ќе донесеме и правилник, односно ќе има еден правилник кој ќе ги утврди овие критериуми врз основа на аргументи кои ќе дадат фер и демократски избори. Но во ситуација кога се мешаат лончињата, кога правиме каша од професионализам и аматеризам, односно правиме каша од професионализам и партизација, тогаш навистина ваквите прашања, особено кога станува збор за критериум, за начин, избор на членови на избирачките органи вклучително и на Државната изборна комисија, таа постапка и таа материја треба да биде регулирана со закон, затоа што имате политички субјекти како што е сега ВМРО-Народна партија застапена во Парламентот, која по сите логики на нештата е најголема опозиција во Република Македонија не само по тоа штонекој ќе каже имате најмногу пратеници, значи имаме 13 пратеници, тоа е факт, ама помножете го бројо тна гласови на секој еден за да стане рпатеник, ќе го утврдите бројот. Испаѓа дека со еден обичен договор на маса може да се елиминира еден таков субјект, за кој покажува времето дека е фактор. Тоа го покажуваат овие два дена и овој денешен трет ден дека е фактор, вклучително само ние расправаме и ние водиме некаква битка за корекција на изборниот законик, затоа што другата опозиција очигледно е задоволна со тоа што го направи, не гледа интерес дури ни да расправа ама баш за ниту една точка на овој закон. После ќе нибиде некој крив зошто нештоне сме разбрале - епа затоа што тоа нешто е скриено во правилник. Ако е тоа проблем, тука можеби ќе се постави дилемата, ако е правилник побрзо би се решила некоја материја, ако е закон повеќе би се влечкала и т.н. Јас ве уверувам дека и овој правилник, кој што треба да регулира една ваква осетлива материја сигурно дека нема да оди така лесно и така брзо затоа што тоа е крупна и битна материја за одлучување.

Заради сето ова нашиот предлог е точката 19 да се брише, оваа проблематика да ја утврдиме со закон, нормално закон со просто мнозинство, не бараме двотретинско мнозинство, но закон во кој ќе земеме учество сите политички претставници на граѓаните застапени овде во парламентот, па факт е дека за таква работа ќе има одредена јавна дебата и сигурно дека ќе дојдеме до многу подобри решенија отколку тоа да се затвори во еден потесен круг наречен Државна изборна комисија.

Од сите овие причини кои ги кажав, кои ги кажа и колегата Блаже Стојановски, мислам дека нашите аргументи се апсолутно оправдани и нема никаква пречка да биде, до колку биде прифатен или изгласан ваквиот амандман, напротив, одиме во една материја која покомплексно ќе биде утврдена онака како што треба. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една мала реплика од моја страна. Можеби вашите аргументи се

оправдани, но имате една нелогичност во вашето излагање. Сами рековте дека двотретинско мнозинство со кое ќе се изгласа Државната изборна комисија е доволна гаранција за доверба во работата на Државната изборна комисија. Веќе со овој амандман таа доверба всушност ја негирате. Можеме и 100% да избереме Државна изборна комисија, дали тогаш ќе бидеме доволно убедени дека ингеренциите што ги предаваме на Државната изборна комисија ќе бидат извршени во согласност со она што сите сметаме дека треба така да биде. Тоа е таа нелогичност која ја кажавте вие дека двотретинско мнозинство е доволна гаранција дека сите сме уверени дека Државната изборна комисија дека ќе биде коректна при донесување на овие правилници. Единствено тоа, инаку немам ништо конкретно против вашиот амандман, имате право да го предложите.

Една минута, бидејки јас не потрошив ни три минути, за контрареплика за господинот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Тоа што го кажав во однос на довербата на Државната изборна комисија не значи дека ова другото што го зборував е нелогично. Ние сакаме да ја растовариме Државната изборна комисија од некоја непотребна работа, да утврдува критериуми, да се случува нешто во самите тие критериуми и некој да бара сомнеж за нешто. Затоа го издигнуваме на едно високо ниво, односно на ниво на закон да се утврдува и решава овде во Собранието, тоа што ќе ја растовариме Државната изборна комисија да не се занимава со некоја работа. Тоа беше мојата намера во дискусијата.

**Љупчо Јордановски:** Претпоставував, сомнежот со дветретини веќе е анулиран за да се изгласа.

Повелете господине Флоровски, имате збор.

**Александар Флоровски:** Ова е правна материја и да ви кажам искрено очекував дека вие правниците ќе дадете и поголем придонес, затоа што ова е ваш фах, а ние кои не сме правници се трудиме она што ќе го презентираме да држи вода, за да не излеземе смешни пред македонската јавност. Не останува простор за реплики бидејки сте изверзирани, ама ме загрижува вашето неучество, а сметав дека сите оние кои држат до себе дека се правници требаше максимално да се вклучат во дискусија со цел ова што се разгледува денес да биде што поквалитетно и во интерес на сите политички партии, иако она што го слушнав од претседателот додека бев надвор дека господата кои не се присутни, а се нарекуваат наследници на ВМРО-ДПМНЕ, на изборната ВМРО која за жал не постои освен во редовите на ВМРО-Народна партија, ги нема да земат учество за да го слушнеме и нивниот глас. Очигледно имаме работа со луѓе кои се глувонеми или се работи за партиска директива, или договарале нешто надвор од овие клупи, каде што не е место за договор. Договор треба овде да падне , со тоа што ќе значи понудени амандмани, понудени решенија, кои министерот може да ги прифати или може да ги одбие.

Фактички, зошто се јавив за збор? Се јавив затоа што сметам дека ваквото решение на амандманот 9 за бришење на членот 19, кај мене раѓа сомнеж, сомнеж од она што беше спомнато дека веќе при договорена работа господава ги нема и тој сомнеж кај мене секогаш ќе постои, но битката да истраеме во исправноста на нашите заложби и во она што гонудиме како квалитетни или неквалитетни решенија, тоа вие ќе го кажете, ме натера и ме тера да излегувам на говорница и да зборувам за оние амандмани каде што сметам дека има место да разговараме и договараме, што ќе значи олеснување на работата на Државната изборна комисија кој е орган кој треба буквално да почне отпочеток од а до ш да ги спроведе изборите во Република Македонија, кои треба да бидат беспрекорно изведени, кои треба да се демократски во духот на демократијата, во духот на заеднички интерес и на крајот во духот на граѓаните на Република Македонија, за да може кога ќе дојдат овде тие идни пратеници никој од нив да не се сомнева дали се избрани на ваков или таков начин, дали изборите биле лажирани, дали се под знакот на сомнеж, затоа што стои пред нас еденогромен предизвик.

Ме чуди една работа, а можеби ќе избегам за еден степен десно или лево, што овие три дена веќе трет ден излегуваат и расправаат само пратениците на ВМРО-Народна партија, а гласноговорниците, оние кои на разни прес-конференции држат придики во исправноста или неисправноста на она што се нуди и со пласирање на нивните инфорамции кои по сто пати ги повторуваат, за жал таа работа се пресликува во малиот мозок на обичниот македонски граѓанин. Таа можаност ние не сакаме да ја користиме, сакаме да се вклучиме овде и да проговориме за она што сметаме дека ќе биде и суштествено и продуктивно, а можеби на вас како Министерство ќе ви даде одредени пошироки видици, за да излезете од некои работи кои сметаме дека се недобри како решенија или нелогични како решенија. Значи, за да ја олесниме работата на Државната изборна комисија го предлагаме овој амандман на членот 31, точка 19 се брише и работите да се решаваат попат на закон, кој ќе им даде простор на Државната изборна комисија и членовите на Државната изборна комисија според закон да одлучуваат за сите позитивни и негативни работи кои ќе се случуваат во текот на изборите. За да течат работите како што треба да течат и како што сите ние се залагаме, претпоставувам и вие како владеачка каста и коалицијата заедно, сакаме да ви помогнеме, работите да ги решите со закон, кој е повисок акт од еден правилник. Вчера говорев што значи правилник, и во Армијата имавме правила на служба, тој имаше чин на закон, затоа што таму постоеше хиерархија. Овде имаме една сосема друга ситуација.

Значи, на внатрешен план, господа, да не се доведат во сомнеж многу работи, сите опозициони партии освен омнибусот на ВМРО-ДПМНЕ да бидт незадоволни, а со тие што договарате денеска ги немате овде, не присуствуваат, да бидат задоволни. Не можете да имате два различни аршина.

Значи, овој законик и она што денеска го нудиме треба да важи за сите не само за ВМРО-ДПМНЕ, туку нека важи за ВМРО-Народна партија, нека важи и за другите опозициони партии. Ако седнавте да дилате и договарате, седнете со нас овде јавно да договараме, не само задкулисно.

Јас кажав, јасни ми се притисоците, се ми е јасно, но сериозен политички субјект како што се претставувате вие не треба да дилате надвор од Парламентот и покрај предизвиците и покрај притисоците. И ние сме имале многу притисоци во минатото на некои сме подлегнале, на некои не, но немојте да заборавите, живеевме во едно многу потешко време, во едни многу потешки услови работевме и немавме каде. За да имате маневарски простор, а маневарскиот простор е овој. Аргументите на маса, дајте да разговараме држи ова што го нудите или не. Вие таков однос не градите со нас, градите со ВМРО-ДПМНЕ, притоа можам да ви кажам дека тие разговори со нив е разговор со несериозен политички партнер, впрочем тоа се гледа од авион, не е ништо ново, но тоа е ваше апсолутно право дали дилот е внатре или надвор.

Нашето решение го сметам како логично од многу аспекти, а најлогичното решение е ДИК кој треба да се избере со 2/3 од македонското Собрание, да има еден широк простор, еден празен простор, бришан простор каде никој не ќе може да се повикува дека ДИК игра ваква или таква улога како што беа претседателските избори, кандидатурата на Љубе Бошковски, па и вашиот сомнеж за избор на веќе покојниот претседател Трајковски, за да не се доведуваат работите во таква ситуација вие мора да направите бришан простор, чист простор каде никој не ќе може да манипулира и да ве обвинува вас и како Министерство и како Влада дека работите нешто задкулисно. Ова е за ваше добро, да не кажам за наше општо добро на сите партиципиенти кои ќе учествуваат во изборите. Тоа е внатре во државата што ќе се случува, а ќе се случуваат многу сериозни работи.

На надворешен план, ова ќе мора да го презентирате, тие не следат секојдневно кој што говори овде, кои се вашите ставови, кои се нашите и според тоа ќе носат квалификации, можеби ќе се разреши судбината на Република Македонија долгорочно. Сигналите се повеќе од јасни и сите ние добро ги сфативме. Ако сакаме цврсто да ја втемелиме Република Македонија, ние сме сериозни и знаеме кој предизвик не очекува. Може се да се случува, но интересот на Република Македонија е во прв план. Јас многу пати овде говорев, ние припаѓаме на различни политички партии...

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски, вашиот даден степен на оттргнување отиде на 90 степени, ве молам зборувајте за амандманот.

**Александар Флоровски:** Од каде пресметавте дека е 90, како Кеплер веднаш реагирате муњевито, знам дека сте добар математичар, почитуван, 90 степени е веќе прав агол, тоа е сосема друга работа, не избегнав за толку, почитувам она што овде јавно го кажавте дека на договорена работа господата од ВМРО-ДПМНЕ ги нема и не присуствуваат.

**Љупчо Јордановски:** Јас сум објективен и затоа велам дека 90 степени отидовте.

**Александар Флоровски:** Тоа максимално го почитувам и овде можам да кажам дека ...

**Љупчо Јордановски:** Почитувајте ме тогаш и вие мене и зборувајте за амандманот.

**Александар Флоровски:** Штом почитувам она што го кажавте значи имам почитување и кон вас.

**Љупчо Јордановски:** А, тоа не е исто.

**Александар Флоровски:** Е, сега ќе кажам јавно дека ве очитувам и дека имате еднаков аршин за сите пратеници, понекогаш отскокнувате, знаете да не исечете, но нема лутење, тоа е демократијата. Јас демократијата ја сфаќам како борба на мислења, а не како политички дил надвор од овој Парламент.

**Љупчо Јордановски:** Како почит кон мене завршете за три минути.

**Александар Флоровски:** Еве сега претседателе со почит кон вас тука ќе завршам, значи овој амандман не случајно е поднесен, сметам дека држи вода, чашата не е дупната за да истече, тука ќе привршам заради тоа што го почитувам претседателот на Собранието затоа што во еден момент на искреност кажа она што требаше да го каже, што сите ние го говоревме, но јавноста не ни веруваше. Но бидејќи доаѓа од претседателот, при договорена работа со политичка партија да не учествуваат во еден ваков сериозен проект како што е изборниот законик не само што не е чесно, не е доследно, туку е надвор од сите норми. Значи, она што го договарале не го почитуваат. Ако е тој сериозен политички партнер нека ви е на чест и терајте понатаму како што сте наумиле. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Благодарам за оние 90 степени прав агол.

**Љупчо Јордановски:** 90 степени уште не е критично, 180 ако отидете, тоа е критично.

Господине Томиќ што барате, реплика?

Повелете имате реплика три минути.

**Зоран Томиќ:** Од почитување на колегата Флоровски сакам да му обрнам внимание на две работи.

Прво, дали е сериозен или несериозен политички партнер тоа нека одлучи сам и самиот нека го каже, меѓутоа, од политички аспект ВМРО-ДПМНЕ ниту бил, ниту е, ниту е биде политички партнер на СДСМ. Политички партнери во оваа Влада и ова Собрание се господата од ДУИ, од ЛДП и од сите овие етнички заедници кои ни се составен дел на коалицијата.

Второ, она што се обидов во првата реплика да го кажам во поглед на самиот амандман, уште еднаш повторувам, оставете на ДИК сама да ги утврди критериумите за начинот на изборот на членовите на комисиите. Тоа не е материја која е неопходно потребна да биде во закон. Се согласувам со дел од аргументите што вие и Караџоски и Блаже Стојаноски ги изнесовте, но прифатете ги објективните критериуми како што е брзината на носењето на правилникот и верувајте тоа нема да биде толку затворен круг. На крајот на краиштата оваа власт, оваа Влада и овој Парламент покажа доблест претседателот на ДИК дека ќе биде избран по предлог на опозицијата, а каква опозиција дали со ВМРО-ДПМНЕ, дали со ВМРО-Народна партија, дали со сите други ви оставаме господа вие да предложите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута почитуван господине Флоровски. Повелете.

**Александар Флоровски:** Штом ме почитувате морам да ве поздравам, чесно е, тука ја водиме битката.

Дали ви е политички партнер ВМРО-ДПМНЕ или не, не навлегувам, најдобро е да си го прашате вашиот претседател господинот Бучковски, претпоставувам дека ако некој разговарал, не сте биле тоа вие. Јас само парафразирав она што претседателот го кажа дека при договорена работа одредени политички субјекти олицетворени во ликот на пет-шест пратеника на ВМРО-ДПМНЕ ги нема овде, само тоа го кажав.

Кога говориме за доблест, бидејќи за правна материја не говоревте, доблест значи да присуствуваме овде, битката да ја водиме овде, да водиме сметка што е тоа што ќе излезе како документ, како изборен законик од ова Собрание и да дадеме што подобар квалитет на самиот изборен законик. Кратко, тоа би бил одговорот.

**Љупчо Јордановски:** Господинот Оровчанец има збор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

Што се однесува до овој амандман, јас би сакал да констатирам неколку работи. Оваа работа која ја уредува членот 31 точка 19 се соглсувам дека е можно да биде исто како правилник, меѓутоа, имам сомнение дека правилникот може да биде добар, ја става целата процедура која течеше до донесувањето, уште го немаме донесено, на овој изборен законик.

Ако овде се разговараше со денови, ако целата експертска јавност дискутираше за ова прашање, ако се водеа трибини, ако се слушаа совети на Венецијанската комисија и ред други работи за да стигнеме до еден законик и сето тоа наеднаш, буквално наеднаш во еден неформален состанок во Клубот на пратеници да се измени суштината на овој законик ми дава за право да не верувам дека може со правилник да се реализира она што го бара членот 31 точка 19, тоа се критериумите, постапката и тн. Дури ми се наметнува сомнеж дека во уште потесен круг, значи не морало во Клуб на пратеници, туку во еден потесен простор како интермецо можат да се соберат 4-5 души и да го договорат правилникот по кој сите ќе играме игра која ќе се вика фер и демократски избори, но сето тоа нема да биде тоа.

Она што ме натера да размислувам и она што вие го коментиравте господине претседателе и господинот Томиќ и ако гледаме дека она што го искажа нашиот претставник кој го бранеше амандманот на почетокот Блаже Стојаноски да пресметате колку се има од општински, до претседател, па таму барабан за извлекување, па онаму барабан, а вкупно има 12 барабани за извлекување господине претседателе. Тоа ни Игор Џамбазов не може да го направи како што треба, а камо ли оваа новокомпонована ДИК која ќе биде доколку не и дадеме логистика за работа со едно законско решение и регулатива.

Суштината на нашиот амандман е дајте и подлога и логистика на ДИК да ја направи работата онака како што треба за да сомнението се апстрахира, за да правилата бидат познати, а на познати правила можете да градите фер и демократски избори. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Премногу ме спомнувате мене, јас сакам да кажам дека стојам на мојот исказ бидејќи ако е направен некој договор и бидејќи нема амандмани од страна на ниедна пратеничка група како што јас си земам за право мојата, условно да кажам, пратеничка група да и се лутам и да ги карам зошто нема кворум, тоа можам да го кажам и за другата страна затоа што сепак овој закон не е без амандмани и со некој постигнат консензус меѓу тие две партии. Стојам зад тоа и затоа ве молам и вие кога ќе бидете тука, бидејќи тоа го кажав, да правите кворум за да можеме побрзо да завршиме, бидејќи тоа е плус за вас.

Повелете господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе.

Прво ќе се обидам за она што зборуваа колегите од ВМРО-Народна партија, зборуваа за договор на некоја маса и тоа е се во нивното зборување.

На тој договор на таа маса бевте и вие, што баравте и вие на таа маса да се договарате. На таа маса беа присутни 17 лидери, излегува ека сите тие 17 лидери се против ВМРО-Народна, или се собраа за постигнување на консензус, за еден закон кој ќе гарантира фер и демократски избори.

Сега да се вратам на амандманот. Сметам дека жално е што ВМРО-ДПМНЕ не е овде, што ја напуштија оваа седница, така не се прават фер и

демократски избори. Треба да бидат овде, да разговараме по сите членови од овој законик.

По однос на амандманот на ВМРО-Народна партија кој се однесува на членот 31 став 2, точка 19 да се брише во кој е наведено дека ДИК донесува правилник со кој се утврдуваат критериуми за начинот и постапката за избор на претседател, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во изборните органи, според мене е сосема во ред оваа материја да биде регулирана со правилник, од проста причина што прво и основно е тоа што сега веќе ДИК се избира со 2/3 мнозинство, значи му даваме целосна доверба и сега како излегува одеднаш и покрај 2/3 мнозинство да немаме верба во ДИК, односно ако така постапуваме, тогаш ДИК носи и други правилници кои се наведени на пример во точка 16, точка 24 и од ова произлегува ако не можеме да веруваме на ДИК за носење на овој правилник, како можеме да имаме верба во сите надлежности дадени во законикот.

Сметам дека ова прашање во однос на утврдување на критериумот за начинот и постапката за избор на претседателот односно неговиот заменик, членовите и нивните заменици на изборните органи на општинската изборна комисија, избирачките одбори и тн. е најдоброто решение што е дадено овде односно тоа да се решава во правилник.

Мислам дека нема место и нема причина ова решение да биде решено со закон, па било и со просто мнозинство носење на тој закон, од единствена причина што има многу надлежности кои ги врши и кои ги има ДИК во изборниот процес. Ова е само еден мал сегмент во кој со еден правилник ќе ги уредува критериумите, начинот и постапката за избор на овие органи. Не велам дека тоа не е битно прашање, тоа е битно прашање, но мислам дека ова може да се решава со правилник, а не да се носи посебен зџакон, еве гледате и овој законик не знам кога е го донесеме и дали ќе го донесеме, бидејќи некои се овде некои не се од политичките партии, а ни треба голем број на гласови, и времето во кое го носиме овој изборен законик не притиска, бидејќи сите сакаме да донесеме еден законик по кој ќе имаме фер и демократски избори и ако би имале уште еден закон за оваа материја тогаш би требало да предложиме и закон за другите правилници кои ги носи ДИК и тоа ќе оди во недоглед.

Бидејќи му се даде голем легитимитет на ДИК, тие ќе бидат избрани со 2/3 мнозинство оној усвоен амандман од страна на Владата на Република Македонија, кој го предложи ВМРО-Народна партија и тоа е причината што ВМРО-ДПМНЕ ги нема во салата, сметам дека ДИК ќе има легитимитет и начинот на условите и критериумите се сосема во ред да бидат уредувани со Правилник, а не со закон.

Јас сум против овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Оровчанец реплика од три минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Многу се три минути господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:** Не, не сакам да го кршам Деловникот. Повелете три минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Јас и онака верувам во тоа дека вие не го кршите Деловникот, не морате да ми објаснувате, благодарам.

Дискусијата на господинот пратеник Јанаќе Витановски на некој начин ме изненади затоа што трет ден имаме дискусија по изборниот законик, а од нашата лева страна таму каде е местото каде седи позицијата која треба да го брани изборниот законик не слушнавме ни една дискусија, а по начинот на кој господинот Јанаќе Витановски го образложи ова гледам дека тие луѓе кои седат од нашата лева страна односно позицијата воопшто не го сфатила изборниот законик или не ја сфатила целта на изборниот законик.

Целта на изборниот законк е господине Јанаќе Витановски да се направат фер и демократски избори, целта е со сите законски решенија и регулативи да се намалат ризиците на злоупотреба, ризиците од манипулација, ризиците кои ќе доведат до една оценка на не фер и не демократски избори како што ги имавме за последните два изборни циклуси. Тогаш ако тие изборни циклуси беа добри, ако беа решенијата добри не гледам причина да носиме нов изборен законик.

Сега, господине Јанаќе Витановски ние носиме два избопрни законика еден кој ќе трае вечно и само еденм дел кој ќе трае до следните парламентарни избори. Јас мислам дека вие не сте ја сфатиле суштината како и повеќето ваши колеги кои очигледно одбиваат да влезат во дискусија и тоа не е штедење на време, тоа е само неразбирање на проблемот и ништо повеЌе. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ништо не трае вечно господине Оровочанец.

Една минута господине Витановски.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе. Истата дискусија ја слушаме постојано, само се повторуваме и тоа е тоа. Нема што да додадам, тоа е демагогија. А ние од позицијата и наша единствена цел е да донесеме изборен законик по кој ќе спроведеме фер и демократски избори. Нашата цел е таа. Ние немаме друга цел.

**Љупчо Јордановски:** Има збор пратеникот Блаже Стојаноски.

**Блаже Стојаноски:** Значи, ако имаме иста цел, спроведување на фер и демократски избори, тогаш неопходно е да сватиме дека за да се спроведат фер и демократски избори потребна е целосна доверба во изборните органи од страна на сите учесници во изборниот процес. Дали со овој изборен законик вие тоа го обезбедувате. Јас ќе ви одговорам, не. Зошто не? Затоа што немате концепт кој што ќе значи, или целосно тргање на страна на политичките партии од членство во изборните органи, или целосна професионализација на изборните органи со

санкционирање на неправилностите кои што би ги правеле претставниците на државната и јавната администрација во нив. Значи, целта која што треба да се постигне со овој закон не се постигнува, а во тој контекст зборувам за она што ние го предлагаме во овој момент, дека и она што значи начин на избор што е еден од суштинските елементи на создавање доверба во изборните органи не може да биде оставен на правилник на ДИК, затоа што ќе ја ставиме ДИК во ситуација да биде оспорувана нејзината работа уште пред да започнат изборите. Ова ви го гарантирам, затоа што правилникот кој што ќе го донесе ДИК нема да биде по волја на секој учесник во изборниот процес исто онака како што не е по волја на секој учесник во овој процес, она што се прави со овој изборен законик, затоа што нема концепт, туку има само некакви компромиси кои што се правени заради задоволување на суети, а не заради реализација на концептуално добар изборен закон.

Понатаму, зошто оние со кои што договаравте и кои што ви велеа дека направивте добар изборен закон и дека доволно е со еден нивни претставник во избирачките одбори да биде покриен целиот ризик од не фер и не демократски избори, наеднаш заборавија дека избирачкиот список не е прочистен. Ниту еден амандман не видовме во тој поглед. Значи, не се проблем 150 илјади, 200 илјади колку зборуваа гласачи во избирачкиот список кои што биле во странство, а сега не бил прочистен избирачкиот список. Нема проблем околу посебен избирачки список. Правеа прес конференции за датумот на избори. Се бунеа зошто премиерот Бучковски дал изјава дека како можен датум би бил 5-ти јули. А сега ги нема тука, или ги има тука заедно со вас не обвинувате дека ние ја опструираме работата на овој Парламент. Не е точно. Ние ги искажуваме нашите аргументи. И во контекст на овој амандман ќе го кажам следното. Ние сме тука за да ги кажеме нашите аргументи. Аргументите се исти со оние кои што ги кажуваа лицата од стручната јавност, аргументите се исти они кои што ги кажа и Венецијанската комисија која што ќе прогледала низ прсти заради првите наредни парламентарни избори и аргументите се тие кои што значат спроведување на фер и демократски избори преку добра основа со изборен законик што претставува една концептуална целина. Ние тоа го искажуваме и бараме присуство и на вас и на оние со кои што се договаравте од ДПМНЕ за да можеме да ги искажеме овие аргументи и брзо да заврши оваа расправа, а за датумот на избори договорете се, направете го како што вие мислите дека е добро. Ние сме спремни во секој момент да излеземе на избори и да покажеме дека имаме доверба во народот и дека анкетите кои што ги прават едни, или други, барем да ја сменевте фирмата која што ги правеше тие анкети за да не ги обвинувате еднаш едните, еднаш другите.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојаноски, јас тука ќе морам да ве прекинам. Мислам дека вие завршивте, затоа што ова не беше збор, ова беше реплика од 4 минути. И никој нема ништо против вашите аргументи, можете да забележите, ги слушаме. Но, ако сакате побрзо да ги сослушаме, тогаш би ве замолил, доблесно е, за разлика од некои други овде опозициони партии и да го правите кворумот за да можеме побрзо да ги слушнеме вашите аргументи. Ве молам, барате да се слушаат аргиментиве. Ако сакате да ги слушаме аргументиве, да имаме кворум и да дојдат вашите точки на дневен ред, односно амандмани и можете да дискутирате по тие амандмани, навистина да ги кажете аргументите. Јас сум подготвен секогаш да ве слушам, како што и досега ве слушав.

Господине Витановски, три минути реплика.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе. Зборуваме за аргументи, ама господине Блаже, ниту еден аргумент не ви држи за овој амандман. За она другото што го зборувате, треба да дискутираме повеќе. Но, за овој амандман кој го предлагате немате ниеден аргумент тоа да биде посебен закон. Сосема е во ред ДИК овие услови ги утврдува со правилник, а не со закон. И тука немате аргументи.

**Љупчо Јордановски:** Процедурално, господиниот Жарко Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, процедурално се јавувам затоа што од името на пратеничката група ќе побарам пауза, за да ја поврземе со паузата за ручек, а ќе објаснам и зошто.

Прво, размислуваме дека оваа дискусија што ја водиме е јалова од проста причина што се стекнува впечаток дека опозиција е само ВМРО Народна овде во Собранието, а од друга страна упатуваме сигнал пред Меѓународната заедница каде што го изјавуваме и преку високите функционери меѓу кои и премиерот, дека е постигнат некаков компромис во однос на овој закон во смисла на тоа дека тој компромис ќе продуцира фер и демократски избори. Овие денови дискутираме како опозиција исклучиво ние ВМРО Народна партија и некој сака да ни стави белег дека ние правиме опструкција. Навистина интересно е прашањето, дали ние имаме компромис, или немаме компромис, зборувам како држава кога во оваа сала ниту еден човек нема од опозиција, барем онаква каква што е дефинирано во овој закон. И заради тоа ја барам паузата и се надевам дека ќе ни овозможите и ние да преиспитаме понатаму како да се однесуваме.

**Љупчо Јордановски:** Јас ќе дадам пауза. Само мислам дека ова што се случува ја покажув а вашата конструктивност да дискутирате во врска со овој законик. А другиот дел од опозицијата, нека ги ценат граѓаните.

Ќе продолжиме со работа во 15,00 часот.

(Пауза до 15,00 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Тоа не го кажав, затоа што господинот Жарко Караџоски се пријави за процедурално и тука малку ме измеша така.

Службите нека го утврдат бројот на присутни пратеници. Благодарам.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

61 присутен, 59 гласале, 6 за амандманот, нема воздржани, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2 за менување на точката 36, поднесен од пратениците: Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојановски, Ѓорѓи Трендафилов, Драги Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот. Повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 2 за додавање нова точка 39 по точка 38, поднесен од пратениците: Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојановски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине заменик министре.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојановски, имате збор.

**Блаже Стојановски:** Почитуван претседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани колеги пратеници,

Амандманот 11 кој што е поднесен од пратеничката група на ВМРО-Народна партија се однесува на избирачкиот список. Како надлежност предвидена со изборниот законик на Државната изборна комисија е потпишувањето на избирачкиот список. Од друга страна имаме поделена надлежност околу податоците кои што треба да бидат внесени во избирачкиот список и тоа: Министерството за внатрешни работи, како орган што поседува податоци околу промена на адреса на живеење, водење на матични книги на умрени, матични книги на родени, со оглед на лицата кои што стануваат деловно способни и после 18-годишната возраст. Потоа, други податоци кои што се неопходни за водење на избирачкиот список во смисла на негово ажурирање и постојано водење. Покрај Министерството за внатрешни работи, избирачкиот список и најголем дел од надлежноста ако може така да се каже, околу фактичкото спроведување на постапката за ажурирање и за водење на избирачкиот список ја има Државниот завод за статистика, кој врз основа на податоците кои ги добива од Министерството за внатрешни работи прави директна корекција на податоците, внесување на тие податоци, бришење на податоци во избирачкиот список. Покрај Државниот завод за статистика, овде надлежност има и Министерството за правда. Јас ќе ве потсетам ако се сеќавате пред две и нешто години ние донесовме закон со кој што требаше измени на законот за избирачкиот список, каде што требаше Министерството за правда да обезбеди услови за тоа да го преземе целосното водење на избирачкиот список со цел да не постои вака поделена надлежност во однос на неговото водење. Меѓутоа, тоа не се случи, се направија нови измени на Законот за избирачки список и се даде уште дополнителен рок на Министерството за правда за да обезбеди услови за водење на избирачкиот список од негова страна.

Она што претставува проблематично, не е само во однос на содржината на избирачкиот список, туку и на одговорноста за податоците во избирачкиот список. Во ваква ситуација се поставува прашањето кој е одговорен за податоците во избирачкиот список. Кој е одговорен, доколку на избирачкиот список има починати лица, кој е одговорен доколку на избирачкиот список лица кои што се иселиле или стапиле во брак и кои продолжиле да живеат на друга адреса на живеење различна од претходната и треба да гласаат на избирачкото место согласно новата адреса на живеење, ги нема во избирачкиот список односно во изводот од избирачкиот список за тоа гласачко место. Значи, ако нема лоцирање на одговорноста, јас не знам кој е тој орган кој што ќе може да каже пред јавноста, пред учесниците во изборите дека избирачкиот список е во согласност со законските прописи и податоците се валидни. Бидејќи, ова не е случај Државната изборна комисија согласно овој закон има една од надлежностите да го потпишува избирачкиот список. Меѓутоа, 7-те члена како што е предвидено со овој закон на Државната изборна комисија можат да го потпишуваат избирачкиот список само формално, затоа што немаат можност да вршат никаков увид во валидноста на податоците кои што се содржани во избирачкиот список. Тоа дополнително отвора простор за политички манипулации и за сомнежи од најразличен вид во однос на содржината на избирачкиот список и сметам дека сите ние треба да бидеме свесни дека тие сомнежи треба да се изнајде начин како да се отстранат од страна на сите оние кои што учествуваат во изборите и од страна на сите

граѓани на Република Македонија, кои што би можеле да ги имаат во однос на податоците на избирачкиот список.

Затоа, предлогот на ВМРО-Народна партија е следниот, бидејќи Државната изборна комисија нема можност да го потврдува избирачкиот список преку проверка на податоците во него , бараме можност или надлежност на Државната изборна комисија да формира своја комисија која што единствена надлежност ќе има во контекст на содржината и податоците во избирачкиот список. Значи, надлежноста на оваа комисија би била потврдување на избирачкиот список по претходна проверка на податоците кои што се содржани во него. И, тоа би била единствената задача, затоа што тоа не е мала задача. Сите бевме свесни дека се направи еден обид да се направи некаква мултипартиска комисија за проверка на податоците во избирачкиот список и од тоа немаше ништо . Затоа ние предлагаме во надлежностите на Државната изборна комисија да стои и точката 39 "формира комисија за потврдување на избирачкиот список ". И овде, уште еднаш ќе искажам едно изненадување, како никој во овој Парламент не поднесе никаков амандман, освен ВМРО-Народна партија во однос на избирачкиот список, а овде предлагаа некои закони кои што не беа применливи. Потоа , имаше некои прес-конференции каде што се зборуваше за фиктивни гласачи во избирачките списоци, а сега истите тие ги нема никаде. Затоа, сметам дека довербата која што ДПМНЕ и останатиот дел на опозицијата му ја даде на парламентарното мнозинство да одлучува во нивно име дека се однесува и на можноста парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман на ВМРО-Народна партија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Томиќ имате три минути реплика.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе.

Амандманот поднесен од ВМРО-ДПМНЕ и образложувањето на колегата Стојановски претставен од ВМРО-Народна, мислам дека е апсолутно оправдано во една друга смисла, во смисла на критиките кои ги упати за дел од опозицијата, кој предлагаше навистина некои законски неиздржливи проекти. Трагично е тоа што на оваа седница на која се донесува еден ваков клучен Изборен законик, никој не присуствува, а тоа Блаже го кажа и тоа не би го коментирал понатаму, па ќе се задржам само на амандманот. Треба да се има верба во Државната изборна комисија.

Колега Стојановски, овие денови имаме неколку реплики и одговори на репликите. Не можам да кажам ништо повеќе, освен она дека дел од аргументацијата држи, меѓутоа правење една дополнителна комисија од страна на Државната изборна комисија претставува само мешање во ингеренциите на органите надлежни за чистење на тој избирачки список, а пред се, ингеренциите на Министерството за правда. Тука е и Министерството за внатрешни работи, тука е и Заводот за статистика, што значи апсолутно нема никаква основа, никаква потреба еден дополнителен орган, како што предлагавте и во претходниот амандман, законски да се регулира таа материја. Сметам дека има доволно надлежни институции во Република Македонија овој список, она што се залагате и ве подржувам во тој дел. Значи, залагање, навистина, чист избирачки список. Меѓутоа лично сум против од една дополнителна комисија, која дополнително би го правела тоа и би поднесувала отчет до Државната изборна комисија. Од тие причини, за жал, не можам да ви го поддржам амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Една минута имате за реплика господине Стојановски.

**Блаже Стојановски:** Ваквата комисија не е новост, ваквата комисија постоеше во еден период од плурализмот во Република Македонија, меѓутоа беше укината. Јас зборувам за фактичката неможност на Државната изборна комисија да вршат реална проверка на податоците во избирачкиот список, затоа што тие не се некакви супер луѓе кои ќе можат се да направат во вака краток временски период затоа е и предлогот да се формира комисија која што реално ќе врши проверка во избирачкиот список. Исто така се согалсувам со вас дека има доволно надлежни за водење на избирачкиот список, меѓутоа, нема ниту еден одговорен за податоците во избирачкиот список. Затоа, предлагам формирање на комисија, која што би се формирала од страна на Државната изборна комисија и би работела по нејзини инструкции.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Иванова имате реплика од три минути.

**Цветанка Иванова:** Да, претседателе, реплика на колегата Блаже Стојановски, во делот од неговиот говор кој што се однесуваше на прашањето поставено од негова страна, кој е одговорен за избирачкиот список. Јасно е прецизирано во одредбите од законот кој е одговорен за точноста на избирачкиот список, а тоа е Министерството за правда и со предлагање да се формираат нови органи и тела, нови комисии, не се гради доверба на системот, затоа што ако еве евентуално се прифати предлогот да се формира комисија за потврдување на избирачки список , повторно нема да и веруваме, ќе бараме кој ќе ја формира таа комисија и ќе бараме ново тело, нов орган, кој што пак ќе врши контрола и ќе биде уште понезависен. Значи, не се гради доверба со формирање на органите и телата, нови органи и тела кои ќе вршат надзор над работата, туку со јакнење на капацитетите на институциите на власта. Сметам дека е доволно јасно во Изборниот законик кажано дека одговорен е Министерството за правда за избирачкиот список, дека Министерството за внатрешни работи е задолжен најмалку два пати во годината да доставува податоци, сите податоци кои што влијаат на промената на избирачкиот список. Исто така, задолжени се и

Министерството за одбрана, дури и органот надлежен за извршување на кривични санкции. Мислам дека има и одговорен орган, има и други органи кои што ќе работат на оваа проблематика, само треба да јакне довербата и ќе ја постигнеме целта. А, на повикот дека не се вклучуваме во дебата, овие амандмани не се наши, нашите аргументи и нашите ставови сме ги кажале досега доволно јасно и мислам дека се во функција на што е можно побргу да го донесеме овој изборни законик на сите нас, вклучително и на опозицијата.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стојановски, имате реплика од една минута.

**Блаже Стојановски:** Како одговор на ова прашање би стоела констатацијата или прашањето зошто е воопшто предвидено потпишувањето на избирачкиот список од страна на Државната изборна комисија. Што потпишуваат тие и со која цел, ако не ги знаат податоците и ако нема кој да го потврди тој избирачки список.

Во однос на довербата, која што би била во контекст на формирањето на една комисија за потврдување на избирачкиот список од страна на Државната изборна комисија, сметам дека тоа прашање се апсолвира со градењето на доверба во Државната изборна комисија. Затоа што со изградената доверба во Државната изборна комисија, фактички, значи дека сите нејзини дејствија понатаму претставуваат работа на орган и доверба од страна на сите оние кои што учествуваат во изборите и од сите граѓани кои треба да глассаат на овие избори. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам претседателе.

Мислам дека овој амандман при првата расправа кога го носевме законот во прва фаза, сметам дека имаше доста забелешки и претпоставува дека дел од тие забелешки ќе бидат вградени. Сега, кажуваме дека повторно за избирачкиот список е одговорно Министерството за правда. И јас ќе се сложам со тоа, но имаме еден проблем. Од левата страна не ги гледам колегите кои тогаш толку бучно најавуваа дека избирачкиот список е всушност причината за недовербата, не во Државната изборна комисија, туку за недовербата во било кои избори што се одржани во Република Македонија, зависи кој ги изгубил изборите. Кој како ги губи изборите и ги бара тие 100 или 200 илјади мртви души или некои пријавени што ги немало во тие избирачки списоци, па сега јас овде не гледам никој. Затоа што, ако добро се сеќавам, а се сеќавам добро, во првата фаза ние тука искажавме една дилема и недоверба во Министерството за правда и рековме дека ќе формираме комисија, во која комисија ќе влезе по еден член од најголемите опозициони партии и еден член од позицијата, со тоа што, дури баравме т.е. некој бараше мониторинг од Европската унија и од ОБСЕ кој што ќе ги надгледува луѓето кои што ќе ја вршат контролата на избирачкиот список. Што се случи од тоа, апсолутно ништо. Една обична фарса и луѓето не успеаа ни да се соберат, а не да почнат да го ревидираат избирачкиот список. И, сега, тука е основниот проблем. Јас не знам дали некој од пратениците, еве тука сме 120, или од било кој претходен состав, бил некаде повикан, во некоја држава што имала демократија колку нас или можеби помалку од нас, не би сакал сега никого да навредам, но во секој случај дали некој од нас или од Министерството за правда или од Владата на Република Македонија некаде бил повикан да ревидира евентуален список во некоја друга држава. Тоа апсолутно не се случило и нема ни да се случи, затоа што секој си чисти во својот двор и апсолутно ние сме тука 2 милиони луѓе кои што добро се познаваме меѓусебе и мислев дека ќе имаме доблест, ќе најдеме сила и храброст еднаш засекогаш ова да го расчистиме. Но, како што се ближат изборите, гледам дека на сите им одговара тој лов во матно, тие 100 илјади или 150 илјади луѓе кои што после изборите повторно некој ќе ги бара и ќе прашува каде се, како се и зошто се.

Предлогот беше и уште останува многу едноставен, значи се формира комисија за потврдување на избирачкиот список. Ова во контекст на оние амандмани што понатаму ВМРО-Народна ги предлага и во контекст на она што досега го говоревме, јас мислев дека ќе најдеме малку поголема храброст сите заедно како политички партии и како одговорни луѓе, да донесеме една, а досега веќе требаше да го имаме исчистено ако не повеќе, барем половината од тој список и таа комисија константно да работеше, па некаде пред избори да имаме прочистен избирачки список, потпишан од таа комисија, па даден на преглед на Државната изборна комисија и тогаш и Министерството за правда и сите политички партии ќе останеа без текст. Тоа ќе беше така, затоа што тука ќе беа потпишани сите и ќе знаевме дека е тоа што го побаравме во првата фаза. Но, за жал, тоа не се случи и сега предлогот е да се формира една комисија, која комисија ќе најде начин да го прочешла овој избирачки список и да направи она што некој не го направил досега.

За жал, не го направил, затоа што со она што го предлага ВМРО Народна партија, значи амандманот 20 или амандманот 41 од она што ќе биде во процедура заклучениот избирачки список Државната изборна комисија го потпишува по неговото потврдување, од страна на Комисија формирана од Државна изборна комисија и тука таа е коегзистентноста што ја бара ВМРО Народна партија и што мислам дека е многу логично и дека тоа е начинот на кој што ќе извршиме проверка и контрола, на она што сите заедно ќе веруваме, ако сакаме да веруваме, ако не, можеме секогаш да имаме проблеми и да спориме за најразлични работи, но основниот проблем нема да го решиме. Избирачкиот список и тие 150 илјади луѓе, кои на секои избори

говориме дека ги има, или ги нема, дека се повеќе или помалку, мислам дека и сега ќе ни се јават и повторно ќе има многу дискусии и кажувања кој како направил, кој што направил, но сега очигледно, немаме доволно доблест да седнеме и да го расчистиме и да заминеме на избори со еден избирачки список, кој што ќе биде од сите нас одобрен и секој ќе може да го погледне и да знае дека тоа е правата ситуација во Република Македонија.

На овој начин мислам дека Министерството за правда и министерката имаат можност да го прифатат овој амандман, можеби ќе има малку повеќе работа, како што кажа господинот Томиќ, таа Комисија ќе треба да работи дено-ноќно, но подобро е да се направи сега и сега да се изработи, отколку да излеземе вака на избори, повторно со истите проблеми и со истите кажувања.

Затоа, вие сте тука, амандманот е предложен и мислам дека како позиција ќе даде поддршка на овој амандман, затоа што оди во насока на подобрување на изборниот процес и она што сите се залагавме во првата фаза. Значи, да стигнеме до ситуација, избирачкиот список да биде правиот по кој што граѓаните на Република Македонија ќе гласаат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Три минути реплика за господинот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Благодарам претседателе. Ова што го кажа почитуваниот колега Мавровски, нема да се повторувам во одговорот на репликата што му ја дадов на Блаже Стојаноски.

Лично сметам дека навистина, нема потреба од некоја друга дополнителна комисија, која ќе го проверува избирачкиот список. Меѓутоа, остава можност во интерес на предлагачите, во интерес на квалитетниот предлог, Владата и Министерството за правда, уште еднаш го преиспитат својот став по овој амандман и во текот на седницата да реагираат. Ова е од три причини: Првиот предлог доаѓа од група пратеници од ВМРО Народна, а во салата ги нема госпоѓа Лилјана Поповска, господин Тито Петковски, оние најгласните кои се залагаа за лицата кои се во странство да добијат право на гласање. Ова јавно го кажувам. Многу ми е жал, што тука, на денешата расправа не е ниту колешката Силвана Бонева, ниту колегата Никола Груевски, тие кои најмногу предлагаа да се донесе закон токму за оваа материја. Меѓутоа, денеска е тука присутна комплетната пратеничка група на СДСМ и затоа во името на истата предлагам Министерството за правда, сериозно да го разлгледа овој амандман на пратеничката група на ВМРО Народна, затоа што колешката Цветанка Ивановска и јас се обидовме да кажеме дека оваа материја е регулирана со Министерството за правда како надлежен орган и со многу други институции. Меѓутоа, доколку се смета дека ова не е доволно, овој амандман нека биде уште еднаш разгледан.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски имате една минута.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван колега Томиќ, благодарам за поддршката и мислам дека Министерството за правда ќе најде сила да го разгледа до крајот на оваа седница, ќе има доста време и да донесе свој амандман, со кој што мислам дека ќе се подобри многу текстот на законот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски повелете.

**Александар Флоровски:** Ќе бидам краток вообичаено. Нема да биде половина час, ќе бидам максимално краток во интерес на времето и во интерес на она што значи попродуктивна работа. Три дена овде водиме расправа и она што претходно го спомнав од оваа говорница, без да знам дека некој ќе држи прес-конференции, но секојдневно се држат прес-конференции, наместо да се најде сила и храброст и доблест овде од оваа говорница, од овој мегдан да расправаме за решенија добри, лоши, држат или недржат, господата таканаречени најголеми опозиционери, нивниот омнибус ги нема, како да знам дека денеска ќе држат прес-конференција со ултиматумот што го поставија како ултиматум и тука ќе завршам. Тоа говори за нивниот лик, карактер и однесување. И уште многу, многу други атрибути можам да наредам, ама нема да ги редам. Ние овде застанавме машки и машки ја водиме битката и она што сметаме дека држи да го понудиме, а на вас господа од Министерството ваше е да прифатите, или да одбиете.

Сметам дека сите работи треба овде да се водат, а не надвор да се лае. Затоа ни остана овде да говориме и ако треба овде да лаеме цел ден, нашиот глас да стигне до вас.

Зошто е понуден овој амандман? Колешката Цветанка кажа една работа дека се нема доверба во институциите. Јас веднаш ќе поставам прашање, како треба таа доверба да се изгради меѓу нас, освен овде, освен со заеднички договор и освен со заеднички дела преточени во изборниот законик. Така може да се гради доверба, така ќе немаме сомнеж во институциите на системот, кои апсолутно постојат, а за да постојат, мора максимално сите да се вградиме, во она што значи изборен закон и негово инкорпорирање или заживување на следните, т.е. скорите парламентарни избори. Значи, пледирам овде да се води битката, овде да разговараме, овде да полимимизираме.

Конкретно ќе кажам за амандманот 11, предложен од пратеничката група на ВМРО Народна партија. Сметам дека со овој амандман ќе ја олесниме работата на Државна изборна комисија, која е сеопфатна, барем во членот 31 има 38 точки, со кои се задолжува Државна изборна комисија, да ги врши сите надлежности, а посебна приказна е зошто бараме да се формира комисија за избирачки список.

Господа, од едноставна причина. А тоа е следната: наназад десетина и повеќе години имаме една групација на гласачи која се движи меѓу 100 и 150, до 200 илјади луѓе, кои никаде никој не може да ги дефинира. Постојат ли, живи ли се, тука ли се, не ли се тука, и со таа бројка нон-стоп се манипулира. Ни се случуваа и бугарски возови и многу други работи кога ќе бидеме на терен, видени во соседните држави, скоро видени во една не толку блиска држава, која не сакам да ја именувам.

Значи, списокот е конфузен. Зборот конфузен ви е јасен, не треба да ви го презентирам етимолошки што значи коренот на зборот. Значи, оваа комисија ќе има една и единствена задача. Тоа можеби ќе биде макотрпна работа да се прочисти тој избирачки спосок, но друго чаре немаме, освен на слепо компјутерски да се избришат 150 илјади луѓе и тие да не постојат.

Ме чуди една друга работа. Македонија има два милиона и триесет-четириесет илјади жители, според последниот попис. А имаме господа 1.765,000, ако не и повеќе, 1.770,000 гласачи. Тоа е процентуално некаде изразено, претседателот можеби ќе ме исправи, 88% од македонската популација. Не знам никаде во светот 88% од популацијата нивна да е гласачки можна. И сите да се над 18 години. Значи, се случуваат во државата одредени апсурди, кои барем јас не можам да ги сфатам. Знаете ли бројката од 88% што говори. Тоа е една огроман бројка на луѓе спрема жителите кои ги имаме. Значи, посоти кај нас оправдана причина и страв дека одреден процент на луѓе, процентуално тие 200 илјади гласачи кои ќе ги одбиете од 1.770,000, може некој одеднаш да пресмета колку тоа изнесува, тие некаде лебдат во воздухот. За да имаме чиста ситуација ни треба една комисија, која ќе го разгледа избирачкиот список, сето она што се наоѓа во државата, има право на глас да може да гласа. Не може да не се појавуваат гласачи фантоми. Не е добро за државата, не е добро за политичките паритии. Зошто не е добро? Затоа што утре било кој да победи, кој ќе биде кредибилитетот на таа Влада, кога опозицијата ќе излезе со вакви обвинувања. Значи, еднаш за секогаш да прекинеме со тоа тешко бреме кое сите нас не мачи, а тоа значи нерегуларни избори, наместени избори и не знам уште што да ви кажам, аргументи кои држат. Таа работа може да ја направи една комисија. Може да ја среди за пет, десет, петнаесет дена. Дали ќе биде тим од Министерството за правда, или од она што го нудиме, не е битно, да се направи сублимат, да се заврши работата, кога ќе излеземе да гласаме сите да се најдеме на тој избирачи список, а не да се бараме по општините, не нема во таа општина, па не има во друга општина. Тоа и мене ми се случувало, човек кој 30 години живеел во Чаир, ме префрлија во сосема друго училиште. Од аспекти кои ги доживував на терен, од искуството кое го имам овие работи ги кажувам и сметам дека овој амандман не само што е поразен, туку треба да го прифатите, за да може и себеси да си олесните, а да и олесните и на Државна изборна комисија, затоа што со овие ангажмани кои ќе ги има овде, не верувам дека ќе стигне да ја заврши таа работа.

И на крајот ќе завршам, повторно со една македонска изрека зошто укажувме на сите овие работи. Гледаме да сме максимално активни и да се донесе еден квалитетен закон, затоа што еднаш ако се изгоревме на јогурт господа, дуваме и на матеницата. Таа народна мудрост не е туку така измислена, туку таа постои и може да послужи по секој говор кој го говориме, барем по овој законик кој е денеска на дневен ред. Значи, отворете си ги очите, сакаме да ви помогнеме, сакаме и себеси да си помогнеме, кога ќе излеземе да знаеме дека имаме чиста ситуација, да не се плашиме дека однапред е се наместено. Затоа што си правиме себеси на сите нас присутни овде и на граѓаните на Република Македонија им правиме многу лоша услуга. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам Флоровски во врска со поговорката, од кога вие пиете жежок јогурт, навистна не ми е јасно.

**Александар Флоровски:** Може да се пие, ако го згреете. Постои и таква варијанта. Некој ќе го згрее и ќе си направи попара. Тоа е во генот на Македонецот.

**Љупчо Јордановски:** Ако се изгорете од жешко млеко.

**Александар Флоровски:** А вие ако знаете туѓи изреки, сега пласирајте ги овде. Зборувам она што е одомаќинето од македонскиот народ. И не е попусто кажано да знаете.

**Љупчо Јордановски:** Може да се изгорите и од ладен јогурт. Се е релативно. Имате право.

Господини Чашуле повелете имате збор.

**Слободан Чашуле:** Почитувани колешки и колеги и вие почитуван господин претседател, се надевам дека ќе се согласите со мене дека на овој амандман послел тродневана макотрпна работа демократската процедура ја вративме во Собранието и во тој правец станав да земам збор, не само како подржка на предлогот на колегата Зоран Томиќ, туку како израз на трошка повеќе оптимизам од завчера и од вчера, бидејќи ваквиот предлог, да седнеме и ако не можеме во детали да се договориме, да го преиспитаме предложеното заеднички овде, бидејќи создаваме со овој амандман, со овој закон, предуслови за конечно да имаме слободни и демократски избори, тоа да го правиме овде.

Јас мислам дека нашите заложби и ваквиот одговор, создаваат една нова дијалектика во овој Парламент. И едиствен одговор на она што заради заедничкиот страв да имаме успешни избори, го прифативме како метода, а тоа е уцената. Бевме уценети дека една поголема партија, која се претендира да биде најголема, да не дојде на изборите, да ги бојкотира и сега повторно кога работите се движат онаму каде што требаше да бидат од самиот почеток и со

претходните амандмани усвоени и со можноста овој амандман да помине, тие повторно демократската процедура, политичкото договарање, одговорноста, зрелоста, државништвото ги селат на улица. Немаат амандман, јас очекував дека тие ќе бидат заедно со нас, најсрчани на овој. Отсуствуваат од политичкиот дијалог. Тој не се води на улица. И навистина, во мене се создава едно чувство, дека сепак, ќе успееме нешто да направиме, затоа што со предлогот на господинот Томиќ, политиката од кафана, ја враќаме назад во Собранието. Дајте навистина, господа на вас од Министерството, пледирам до вас, дајте да покажеме дека навистина можеме како пратеници, како Влада, како опозиција, како коалиции, еднаш нешто да направиме како што прилега, заради тоа што гласовите кои доаѓаат од Брисел, за замрзнување на проширувањето на Унијата, не значи крај за Македонија, ако успееме да направиме во овој закон и со овој закон политички договор и во него механизми и ако треба тројна контрола на избирачкиот список што се предлага со овој амандман, како гаранција дека нема да имаме проблеми, тогаш, гласовите за замрзнување на проширувањето ќе не стават во фрижидер, нас, затоа што како стојат работите во овој момент, од волјата на овој Парламент, од начинот на кој ќе го контролираме избирачкиот спосок, од начинот на кој ќе ги формираме избирачките органи, од начинот на кој ќе воспоставиме самостојна избирачка власт, ќе зависи дали Македонија ќе чека како Турција 30 години да биде примена, или ќе биде сврстена заедно со другите и ќе ги почнеме преговорите и ќе преговараме во она време што ни е нужно.

Оттаму, мислам дека одовде и простете ми што ќе ја прекршам процедурата и за минимален момент ќе се одалечам од темата, иако е длабоко во тој контекст, да покажеме дека во Република Македонија времето на уличната демократија, на уцените, на бојкотите, на заканите, на допрашувањата надвор од оваа куќа, кој колку вреди, кој колку е државник и кој колку е опозиција, да им ставиме крај.

Господо од ВМРО-ДПМНЕ, од ДОМ и од не знам кои таму други се, господине Груевски, ако имате да прашате некого кој оваа држава е владеачка коалиција, кој е опозиција, повелете овде, ќе ве сослушаме, ќе гласаме и ќе видиме навистина кој е државник, кој е опозиција, кој на оваа држава и мисли добро или е исплашен да не ја загуби својата лидерска во неговата партија, позиција, па е во состојба за таа битка да не жртвува сите нас и да не замрзне во фрижидерот, во ледениот фрижидер на Европската унија.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, времето за дигресија ви помина.

**Слободан Чашуле:** Благодарам за трпението, јас уште еднаш се извинувам за дигресијата. Ама ваква порака, како поддршка на тоа што го кажа господинот Томиќ, мора да дојде и од кај нас.

**Љупчо Јордановски:** Ако е тоа така, тогаш господинот Оровчанец може да се откаже.

(Пратеникот дофрла од место дека ќе дискутира кратко)

Ајде, во време колку е тоа кратко, кажете ми?

(Пратеникот Оровчанец вели дека може претседателот да го прекине кога ќе мисли дека треба)

Еве, повелете, имате три минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Се јавувам со молба, барање до вас да ја сфатите поентата на овој амандман.Мислам дека дел од тоа господинот Томиќ изнесе и дека е во право.

Што е суштината на целиот овој проблем?

Прво, да тргнеме од една работа, овој законик не го правиме само за овие избори, сфатете. Значи, ревидирањето на избирачкиот список треба да биде континуирано, перманентна работа на едно тело што ќе го ажурира овој список, да ние имаме, никогаш апсолутен, меѓутоа најблизок број на избирачи, што одговараат на телото избирчко во оваа држава, Република Македонија.

Ние денеска се препукуваме помеѓу три органи. Помеѓу Министерството за правда, МВР и Заводот за статистика. Ако ги земете податоците ќе видите следно, имавме официјален статистички демографски попис во оваа држава. Знаете кога. Со тој попис во држава Република Македонија имавме два милиони и дваесет и осум илјади жители или граѓани на Република Македонија. Беа подредени по групи на кој начин од 0 години до 5 години, па од тука до тука. Групата од 0 до 18 години, односно оние кои не можат или немаат право да гласаат е 558.000. Значи, не можете статистички никако да извлечете дека во оваа држава има повеќе можни бирачи од 1 милион 400 и нешто илјади. Еве, 70-80. Сега, во овој момент ние имаме во оваа држава 1.760.000 луѓе внесени во Избирачкиот список. Па имаме, значи дефинитивно се декларираме како земја што има најјака демократија. Покрај на живите им даваме право и на мртвите да гласаат. Со овој начин каде ќе стигнеме? Во некоја демократија? Мене ми е јасно дека во овој момент ажурирањето не може на тој начин да биде реализирано, па да се утепаат од работа овие неколку месеци. Меѓутоа, овој закон не се носи само за овие избори. Овој законик се носи за сите следни избори понатаму.

Колку ќе трае? Јас реков се носи за безконечно, меѓутоа, целта им е да трае што подолго. Според тоа, мора да се формира тело, дали ќе биде комисија, дали ќе биде нешто друго, меѓутоа да биде државно тело, во склоп на оваа Државната изборна комисија. Не е битно.

Битно е да има перманентна активност на ажурирањето на избирачкиот список. А не да се потсетува дека тоа треба да се работи минута до 12 пред изборите.

И, што е најтрагично, ова е едно од суштествените прашања што се потегнуваа во изминатиов период. Само едно решение на

компромис да се внесат партички членови во избирачките одбори, ги анулира сите останати ама приоритетни прашања што стојат пред нас на овие избори. Едно од нив е ажурирањето на овој избирачки список.

По мене, би требало ова прашање многу поделикатно да се согледа, затоа што прашањето е премногу сериозно за така ноншалантно да биде отфрлено. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да го гласаме амандманот.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Во салата ни фалат...

(Дофрлање од место)

Господине Флоровски, политичката битка и вие водете ја надвор. Овде имате можност на оваа говорница да го кажете својот став. Немојте сега да ми дофрлате од место.

Благодарам.

Присутни се 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 присутен во салата, 58 гласале, 12 гласале за, 2 воздржани, 44 против.

Консотатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 4 поднесен од пратеницитеРафис Алити, Аднан Јашари и Абдилаќим Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 31 за додавање нов став 5 по ставот 4 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Повелете господине заменик министре, изјаснете се по овој амандман.

**Субхи Јакупи:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 34 ставови 2 и 3 поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот, повелете.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Господине Анастасовски имате збор, повелете.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Накратко би сакал да кажам зошто е предложен овој амандман на членот 34 став 2, каде што се говори дека треба, она што кажува и самиот, од редот на правниците, ние едноставно и објективно бараме сето тоа, луѓето кои ќе бидат во тие комисии барем да имаат најмалку барем тоа што значи три години работно искуство. А гледам и во наредниот амандман поднесен од колегите Вејсели, Рамадани истото и тие го бараат, меѓутоа тоа е во ставот 3, каде што она што ние го бараме три години работно искуство во ставот 2, тие бараат во ставот 3 да се прецизира за она што значи нивни заменици, да се додадат само зборовите дипломирани правници со најмалку 5 години работно искуство.

Што останува, само да ги замолиме колегите пратеници, бидејќи Министерството не го прифати предложениот амандман од наша страна да се изјаснат позитивно по однос на овој амандман. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидеќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандамнот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 присутни, 60 гласале, 11 за амандманот, нема воздржани, 49 против.

Констатирам дека амандманот Собранието не го усвои.

Отворам претрес по амандманот на член 34 став 3 поднесен од пратениците Абулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

62 присутни, 55 гласале, 6 за амандманот, 1 воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 35 став 2 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го момлам претставникот на Владата да се произнесе, господине замениче повелете имате збор.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојаноски повелете, имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитуван претседателе, ќе ми дозволите да зборувам за 4 амандмани наеднаш, за 40-тиот, за кој што сега расправаме, за 31-от, 32-от...

**Љупчо Јордановски:** Тоа значи дека за другите нема да зборувате? Бидејќи велите дека за четири ќе зборувате.

**Блаже Стојаноски:** Затоа што веќе е зборувано за овие амандмани. Во претходните амандмани имаше решенија што се во контекс на ова што сега се предлага заради усогласување со тие амандмани. За тоа зборувам. Ако сакате може да зборувам амандман по амандман.

**Љупчо Јордановски:** Бидете пократки, ве молам.

**Блаже Стојаноски:** Сакам само да истакнам за што се работи и зошто ние нема потреба да дискутираме по однос на овие амандмани.

Амандманот 13 или 30 по списокот, во него стои зборовите "акт на Државната изборна комисија се заменуваат со зборовите посебен закон". Знаете дека предлагавме посебен закон со кој што би се регулирал начинот на ждребување или случаен избор, па затоа тоа го образложивме во претходните амандмани. Не сакаме да се повторуваме.

Во амандманот 14 што е предложен, односно 31 во списокот, се работи, зборовите "на денот на изборите, се заменуваат со зборовите и именува нови согласно посебен закон". Значи, во членот 37 став 2 точка 2, ова значи дека имавме ист ваков амандман кога се работеше за надлежноста на Државната изборна комисија што не беше прифатен од парламентарното мнозинство. Нема потреба да сметаме повторно да го аргументираме со истите аргументи. Затоа што именувањето нови членови треба да биде направено на начин што ќе овозможи брзо и ефикасно постапување од страна на општинската изборна комисија.

Амандманот 15 или 32 во списокот, исто се однесува на начинот на ждребување, што е наведено во овој член 39 да биде со акт на Државната изборна комисија, а нашата пратеничка група предлага тоа да биде со посебен закон. Она за 12-те барабани што разговаравме.

И за амандманот 16 или 33, тука се работи за нешто што треба да се усогласи, ова треба да биде прифатени од страна на Владата, затоа што само го подобруваме текстот поради некаков пропуст, иако постои записник за сумирање на резултатите, стои дека се утврдуваат резултатите. Значи, зборот "се утврдува"предлагаме да се брише. Тоа е за понатамошните амандмани, продолжуваме со дискусија. А за овие очекуваме да потврдите вашата доследност со гласање за отфрлање на нашиве решенија што сметаме дека се позитивни за создавање добар закон, добра основа за фер и демократски избори. Благодарам.
(Со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата да преминеме на гласање.

Молам, пратениците да влезат во салата да можеме да преминеме на гласање.

(Пратеници влегуваат во салата)

Благодарам.

Од присутни 62 пратеници, гласале 51 пратеник, 9 гласале за, нема воздржани, 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 2 точка 2, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Кражевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафлов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници, гласале 58, за гласале 10, нема воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**Слободан Најдовски:** Отворам претрес по амандманот на член 39 став 3 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Кражевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафлов,

Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници, гласале 58, за гласале 11, еден воздржани, 46 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**Слободан Најдовски:** Отворам претрес по амандманот на член 40 став 2 точка 4, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Кражевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафлов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници, гласале 56, за гласале 11, нема воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**Слободан Најдовски:** Отворам претрес по амандманот на член 40 за додавање нов став 5-а) по ставот 5, поднесен од пратениците Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Констатирам дека нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 62 пратеници, гласале 55, за гласале 9, еден воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**Слободан Најдовски:** Отворам претрес по амандманот на членовите 41, 42, 43 и 44 поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има зор пратеникот Иван Анастасовски.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анстасовски:** Благодарам потпретседателе, колеги пратеници,

Со овој амандман се бараше, во членовите кои се наведени во амандманот кој го предлагаме, генерално во она што значи Глава 10, избирачкикот одбор, термините каде се јавува Министерството за правда, комплетно да се заменат со Државната изборна комисија. Меѓутоа Министерството за правда тоа не го прифаќа. Останува апел до колегите пратеници да го поддржат овој амандман.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеници, гласале 53, за гласале 8, нема воздржани, 45 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**Слободан Најдовски:** Отворам претрес по амандманот на член 45 став 2, поднесен од пратениците Тито Петковски, Славица Станковска, Јордан Михајловски и Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Слободан Најдовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Иван Анастасовски.

Повелете господине Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам потпретседателе,

Накратко ќе прокоментирам, бидејќи овој амандман што не го поднесовме не е прифатен, верувам дека барем наредниот амандман 38, кој е предложен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари и Абдулаќим Адеми, ќе се прифати, бидејќи е со комплетно иста содржина.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема други пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеници, гласале 57, за гласале 10, нема воздржани, 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Амандманот на член 45 став 2, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Кражевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафлов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски и амандманот на член 45 став 2 поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари и Абдулаќим Адеми, кои се точки 37 и 38 од списокот на редоследот на амандмани, по кои Собрието ќе води претрес, се идентични и по нив ќе водиме единствен претрес.

Отворам претрес по Амандманот на член 45 став 2, поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Кражевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклиска, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејоски, Блаже Стојаноски, Ѓорѓи Трендафлов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски и по амандманот на член 45 став 2 поднесен од пратениците Рафис Алити, Аднан Јашари и Абдулаќим Адеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Амандманите не се прифатени.

**Слободан Најдовски:** Амандманите не се прифатени.

Повелете господине Стојаноски, имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Ова претставува едно од најзначајните прашања околу кое се кршеа, ако можам така да кажам, копија подлг временски период, во текот на конципирањето на изборниот законик, затоа што се работи за исклучително важно прашање, во контекст на средувањето на состојбите со избирачкикот список. Имено, амандманот кој го предлага ВМРО Народна партија предлага во членот 45 каде е наведено дека отпечатените изводи од избирачкиот список и посебните изводи од избирачкиот список, се водат по азбучен ред на презимето на граѓанинот и ги содржат следниве рубрики односно податоци: реден број, презиме, име, пол, дата на раѓање и адреса на живеење односно населено место, улица, куќен број, влез и стан, потпис, или отпечаток за избирачот и ознака со звездичка на лицата кои се на привремена работа или престој во странство.

Предлогот на ВМРО Народна партија е зборовите"И ознака со звездичка, за лицата кои се на привремена работа или престој во странство", да се бришат.

Овде се појавува прашањето, што потоа. Значи, во наредните амандмани, имаме амандман кој предвидува посебен извод од избирачкикот список за сите оние лица кои во моментот на заклучувањето на избирачкиот список се наоѓаат надвор од Република Македонија. Единствена цел не е да се спречи гласањето на овие лица, туку да се контролира евентуалната злоупотреба со нивните гласови. На овој начин ознаката со звездички, сметам дека не е доволна и нема ништо да помогне во надминувањето на проблемите што ги имаше во сите изминати изборни циклуси, во поглед на злоупотребта на гласовите од гласачите кои се наоѓаат на привремена работа во странство, кои се иселени во странство и воопшто на оние кои не се присутни во Република Македонија, на самиот ден на гласање, а наеднаш се покажува дека гласале на некој многу чуден начин.

Она од каде што се поаѓа, при нашата аргументација, не е целта која ја има ДУИ, да речеме со овој амандман, затоа што целта на ДУИ е да се брише ова, меѓутоа, не да има посебен список, туку за да може полесно, полнејќи ги кутиите, да се потпишуваат на ист список на кој не е важно дали има звездичка или нема звездичка, туку целта е на посебен издвоен список да може да се потпишуваат сите оние кои биле надвор од државата, а потоа се вратиле, по заклучувањето на избирачкиот список. Затоа, јас не гледам причина, не го гледам мотивот зошто овој предлог не е прифатен од страна на Владата, затоа што сметам дека ќе го подобри процесот на гласање, ќе оневозможи гласање на еден за повеќемина, ќе оневозможи полнење на кутии така драстсично како што се случуваше во многу изборни циклуси наназад. Впрочем, ако во образложението за донесувањето на овој законик е наведено дека, прифаќајќи ги препораките на набљудувачката мисија на ОБСЕ и ОДХР, кои се однесуваат на претходните локални избори, на претходните претсдателски избори и искуствата од сите претходни изборни циклуси, се прифаќаат повеќе одредби кои треба да бидат внесени во овој закон. За да биде тоа до крај направено, јас ќе ја прочитам препораката број 2, од страна на ОБСЕ, каде се вели - треба да се разгледа изменувањето на законската рамка за регистрирањето на гласачите на граѓаните кои живеат во странство. Од една страна, додека сите опции за гарантирање на правото на глас на граѓаните треба да се разгледаат, во исто време важно е значително да се намалат можностите за злупотреба. Тоа е официјална констатација на ОБСЕ. Моето прашање е дали ѕвездичката ќе ги

реши овие проблеми. Тешко. Затоа сметам дека еден знак, независно дали ќе се наркува ѕвездика или некој друг знак, ништо не решава во поглед на отстранувањето на можностите за злупотреба, со гласовите на лицата кои се наоѓаат во странство.

Кога се работи за одговорот на прашањето кои се лицата кои се надвор од државата, а кои се наоѓаат на избирачкиот список, тука би било добро да имаме еден претставник од Министерството за внатрешни работи и да ни објасни за нивните податоци и ажурноста на нивните податоци во однос на ова прашање, особено имајќи ја предвид порозноста на границите кон одделни соседни земји. Затоа, досегашното решение, воопшто да не бидат обележани и сегашното решение, да бидат обележани со ѕвездика , јас не можам да кажам дека има некаква разлика, затоа што со тоа апсолутно ништо не е решено.

Во Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, живеалиштето е место во кое што граѓанинот се населил со намера во него постојано да живее и во кое има обезбедено стан за живеење.

Во случаите кога граѓанинот има намера привремено да пристојува или да биде на привремена работа во странство подолго од три месеци должен е пред заминувањето да го пријави одењето во странство кај надлжжниот орган на Министерството за внатрешни работи во местото на живеење, на граничниот премин на кој остварува излез или во дипломатско-конзуларното претставништво во земјата во која заминува.

Со самото пријавување дека граѓанинот подолго време нема да живее во Република Македонија се врши евидентирање на неговото заминување во странство подолго од три месеци и со повторното враѓање во Република Македонија граѓанинот во рок од три дена има обврска да го пријави неговото враќање во државата. Јас ќе ве прашам колку од граѓаните на Република Македонија ги почитуваат овие прописи. Факт е дека официјалните бројки кои што ги имаме во Министерството за внатрешни работи со познато постојано место на живеење во Република Македонија, а иселени над три месеци надвор од Република Македонија се 55.339, ако се сеќавам добро, граѓани на Република Македонија, а оние кои што се наоЃаат на избирачкиот список, меѓутоа немааат постојано место на живеење изнесуваат некаде околу 15.000 лица.

Од трета страна имаме податоци кои што зборуваат за огомен број на државјани на Република Македонија кои што се гласачи внесени во избирачкиот список, а се во голем процент во однос на вкупниот број на жители на Република Македонија што не соодвестува со старосната структура на населението во Република Македонија.

За да се надминат овие проблеми јас мислам дека покрај она што не се прифати, а кое што ќе беше еден добар чекор во правец на прочистување на избирачкиот список, а тоа е формриање на една комисија од страна на ДИК која што би се занимавала само со овие прашања да се продолжи со еден друг чекор кој што ќе значи прифаќање на овој предлог, а тој предлог е посебен список за сите оние кои што во момент на заклучувањето на избирачкиот список се наоѓаат надвор од Република Македонија.

На овој начин нема да им се ускрати правото на глас затоа што тие ќе можат да дојдат на избирачкото место на денот на гласање и ќе можат да гласаат како граѓани на Република Македонија кои што ги има во избирачкиот список, меѓутоа не во оној извод кој што се однесува на лицата со престој во Република Македонија, туку на другиот список кој што ќе биде список со лицата кои што се наоѓаат на престој надвор од Република Македонија.

Тоа ќе биде еден добар чекор за да се види колкав е точно тој број, да се споредат податоците кои што ги има Министерството за внатрешни работи со пдоатоците кои што се наведени во избирачкиот список, да се видат податоците споредбено и од Заводот за статистика, до колку можат тие да помогнат во поглед на решавањето на прочистувањето на избирачкиот список и на тој начин еднаш за секогаш да го затвориме прашањето за недовербата односно вистинската недоследност на податоците во избирачкиот список, која што постојано секои избори дава простор за обвинувања дека гласовите се злоупотребени од една или од друга партија на власт и дека на тој начин изборите се лажирани дека некој дошол без легитимитет на власт, на не фер и недемократски избори. Значи, решавањето на ова прашање вовој период со посебен список, тоа многу леснос е прави, затоа што Министерството за внатрешни работи има податоци од граничните премини кое се лице излегло од Република Македонија и само треба да ги достави тие податоци и тие податоци да се внесат на посебен избирачки список, извод од избирачкиот список кој што ќе биде доставен до секое избирачко место согласно последното место на живеење на лицето кое што престојува во странство.

Не знам со што друго да го аргументирам ова освен со податоците од локалните избори кога сигурен сум дека ќе ни се случат такви работи и за парламентарните престојни избори во поглед на увид во избирачкиот список.

Ние имаме остварено преку увид во избирачкиот список да се решаваат суштински пробелми во однос на неговата содржина. За време на локалните избори од 13 до 27 јануари 2005 година во подрачните единици или канцеларии на Министерството за правда околу 38.000 гласачи ги проверија своите податоци во избирачкиот список. Значи 38.000 граѓани во Република Македонија оделе во подрачнит единици , ги проверувале податоците во согласност со податоците што ги имаат со нивнит

елични карти за да видат дали тие постојат на избирачкиот список.

Ова не зборува за ништо друго, туку за една огромнанедоверба во содржината на избирачкиот список, која што треба да биде надминанта. Ако немаме доверба  во однос на списокот кој што треба да ги означува лицата кои што треба да гласаат и да ја дадат довербата во институциите на системот, зборувам пред се на члeновите на Парламентот, меѓутоа тука се сигурно и членовите на советите на општините, градоначалниците, Претседателот на државата и сето она што оди на непосредни избори, референдумските изјаснувања. Дефинитивно ние не можеме да зборуваме дека сме создале основи за фер и демократски избори.

Несакајки да должам само ќе истакнам дека списокот од локалнит еизбори вклучуваше 1.711.293 имиња на гласачи на Република Македонија според официјалните податоци има околу 2 милијони жители. Ова е невозможно. Значи, или треба избирачкиот список да се усогласи со податоците од Државниот завод за статистика, или податоците од Државниот завод за статистика треба да се усогласат со податоците од избирачкиот список  до колку се однесуваат на државјани на Република Македонија воопшто.

До колку с еоднесуваат на државјани со живеалиште во Република Македонија, а тие се 2 милијони тогаш веднаш се псотавува прашањето колку се надвор од Република Македонија. Колкава е таа бројка и зошто сите тие да не ги напишеме на посебен избирачки список и на тој начин да ги затвориме сите сомневања околу злоупотребата на овие гласови.

Не ја гледам причината или аргументираноста со одвивањето на овој предлог и со прифаќањето само со ѕвездичка, фактички останувањето на ситуацијата во статус кво состојба да значи некакво подобрување во однос на претходните изборни циклуси.

Толку за овој дел, ќе се навратам повторно во делот кој што се однесува на посебниот избирачки список како тоа би изгледало  и како тоа би се ефектуирало во делот на гласачките места, општинсктие избирачки списоци и така натака. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодам господине Стојановски.

Има збор пратеникот  Рафис Алити.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине потпретседател,

Јас во име на предлагачите на овој амандман, го повлекувам овој амандман и нема потреба да се гласа за него.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Амандманот е повлечен, но изјаснувањето ќе биде поединечно по амандманите.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по амандманите.

Со оглед на тоа што господинот Алити го повлече амандманот, ќе гласаме само по амандманот кој што е со иста содржина поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклсика, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејовски, Блаже Стојановски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Пратеници влегуваат во салата).

(Со седницата продолжи да претседава господинот Љупчо Јордановски).

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во Собранието.

Течат десет минути за кворум.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Сега да пристапиме кон гласање, бидејки имаме 61 пратеник во салата.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник присутен 57 гласале, 13 за,  1 воздржан и 43 против.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Амандманот предложен од пратеникот Рафис Алити, Аднан Јашари и Абдулаким Адеми кој е со иста содржина со овој е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 46  за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратениците Љупчо Балковски, Чедомир Краљевски, Спиро Мавровски, Жарко Караџоски, Марија Којзеклсика, Ѓорѓи Оровчанец, Ристо Пејовски, Блаже Стојановски, Ѓорѓи Трендафилов, Драго Шајноски, Слободан Чашуле и Александар Флоровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Субхи Јакупи:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Господине Стојаноски, имате збор.

**Блаже Стојаноски:** Кога се работи за посебните изводи од Избирачкиот список, ние предложивме амандман кој што се однесува токму на постоењето на тие посебни изводи, што значи дека не навлегуваме во единственоста на Избирачкиот список, тој е единствен, се води од страна на органите кои се дефинирани во Законот, меѓутоа, изводите кои што се доставуваат до избирачките одбори на гласачките места покрај посебни изводи што се предвидени за лицата кои се наоѓаат на издржување казна затвор, покрај посебните изводи кои се однесуваат за лицата што се наоѓаат во Армијата на Република Македонија и покрај посебните изводи кои согласно преодните

и завршните одредби, членот 193 ако се сеќавам добро, се однесува за посебни изводи и на внатрешно раселените лица, како што се нарекуваат со овој закон. Тоа е уште еден факт дека Охридскиот рамковен договор не е спроведен, меѓутоа, тоа не е тема на денешната седница и затоа ова значи дефинитивно признание дека внатрешно раселените лица имаат право и треба да се изнајде начин како да го остварат своето право на глас и тоа не знам зошто не е ставено во овој член, на кој поднесовме посебен амандман што се однесува на ова прашање. Амандманот за посебните изводи од Избирачкиот список, значи покрај овие што ги спомнав претходно, е за лицата што се наоѓаат во странство и врз основа на тоа да може многу лесно да се утврдуваат злоупотребите со нивните гласови. Како тоа би се извело? Доколку е решението што сега го предлага Владата обележано со ѕвездичка, многу тешко ќе биде во избирачкиот список да се утврди кој е надвор од земјата, а кој се наоѓа во државата и многу лесна ќе биде злоупотребата на неговите гласови. Меѓутоа, кога ќе се направи посебен извод од Избирачкиот список за лицата кои што се наоѓаат во странство, тоа ќе значи можност за учесниците во изборите, за претставниците на подносителите на листи да можат да утврдат кој од тој список не бил во Република Македонија на денот на изборите, на денот на гласањето, што би претставувало основ за поништување на гласањето на гласачкото место. Ова е основниот мотив, основната причина која што сметаме дека е навистина силен аргумент за создавање или отстранување на можностите за злоупотреба на гласовите на лицата кои се нааѓаат во странство, а чиј број не е мал, иако во овој момент ниту еден, ниту политика партија, ниту државна институција во Република Македонија не го знае нивниот точен број. Тоа би било тоа, значи точниот број би се утврдил, би се направил посебен избирачки список и тој избирачки список ќе биде основ за контрола на остварувањето на правото на глас на лицата што се наоѓаат надвор од Република Македонија во моментот на заклучувањето на избирачкиот список, со тоа што бидејќи тие се државјани на Република Македонија согласно Уставот имаат право да гласаат и на овој начин нема да им биде оневозможено да го остварат нивното право на глас. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, имате збор, повелете.

**Спиро Мавровски: Б**лагодарам господине претседателе.

Во контекст на ова што го говореше господинот Блаже Стојаноски, јас би сакал да дополнам. Во членот 46, ставот 1 "за спроведување на гласањето во воените пошти, организациите, установите, единиците и казнено-поправните установи се изготвуваат посебни изводи од избирачкиот список и тоа, за гласање на граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на воена вежба или отслужување на воениот рок и за гласање на граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат во притвор или идржување казна затвор". Тука фалат уште две групи граѓани кои за жал сеуште се издвоени и каде што се претпоставува дека се вршат сите овие манипулации, а тоа се привремено раселените во Република Македонија и другата категорија, ова што се предлага после ставот 1 да се додаде нов став 2, посебни изводи од избирачкиот список се изготвуваат и за спроведување на гласањето на лицата кои се на привремена работа и престој во странство. Ние се обидуваме цело време да кажеме и со претходните неколку амандмани дека токму од тука произлегуваат најголемите манипулации, затоа сите сме свесни, но или не сакаме или не наоѓаме сила сето ова да го надминеме.

Моите забелешки уште во првата фаза се однесуваа токму на овој член 46 и мислев дека во меѓувреме Министерството за правда со Министерството за одбрана ќе најдат заеднички јазик и ќе направат еден договор, барем еден од овие списоци да биде издвоен, а тоа е списокот за оние граѓани кои ќе се наоѓаат на воена вежба. Мислам дека во денешно време за вакви ситуации предлогот беше таа воена вежба да се елиминира затоа што воените вежби ги нема и структурите на Армијата на Република Македонија полека се професионализира, така што сите овие граѓани во една република како што е Македонија долж и попреку 200 км., секој од нив ќе може да гласа во своето место на живеење.

Ова што го предлагаме мислам дека дефинитивно секој човек што малку разбира од техниката, ако сте стигнале во избирачкиот список да ги означите сите со ѕвездичка, со една минимална програма сите овие списоци може да излезат надвор и да добиеме посебни списоци на кои ќе бидат сите оние граѓани кои се наоѓаат во странство. Сега не ја гледам причината од ѕвездичка, посебен список, што толку проблем му претставува на Министерството за правда, затоа што еден издвоен список ќе биде толку меродавен и подложен на контрола во секој момент, така што за секој граѓанин за кој до сега се јавува сомнежот дека токму тука се прават тие манипулации и гласаат граѓани кои ниту биле ниту мислеле да бидат во Република Македонија за време на изборите и за време на гласањето, но таму тие се појавуваат дека гласале. Со таквиот список добиваме еден прочистен список во кој ќе ги имаме сите оние граѓани кои се времено во странство. Еднаш треба да расчистиме, затоа говоревме за избирачкиот список, јас познавам луѓе што 40 години се во странство и дали ние уште ќе ги водиме како на привремена работа во странство. На овој начин, ако ги извадиме овие списоци, утре Република Македонија кога ќе постигне сила и моќ ќе може да си дозволи овие граѓани да гласаат во нашите конзуларни претставништва во државите од каде што доаѓаат. На овој начин ние не знаеме кој кога заминал од државата, кој колку време се наоѓа

надвор и дали тоа некогаш ќе сакаме да го дознаеме или ќе останал луѓето на списоците на некои адреси, како што имаше пријавување со една улица и со еден број да има пријавено 200 или 500 луѓе. Тогаш се чудиме што се случува и како се случува, кога ќе видиме дека тоа е иста адреса и ист број. Сите сме сведоци на тоа и сега се прашувам дали не сакаме тоа да го избегнеме или пак сакаме да остане вака како што е, па секој да лови во матно. Ако е тоа целта, тогаш уште 100 амандмани да поднесеме мислам дека не ќе можеме да се разбереме, а ако имаме чувство технички, ако Министерството за правда веќе го издвоило списокот со ѕвездичка, тоа се пет минути работа тој список да биде прочистен и да добиете нов список во кој ќе бидат оние што се наоѓаат на привремена работа во странство и тука ќе се заврши цела приказна, ќе имаме токму такви списоци од овие установи, организации, воени пошти, казнено-поправни установи каде и ден денес не знаеме кој е во затвор а кој е избеган, но во секој случај ќе се потрудиме тој избирачки список да биде донесен некаде да може некој да го види. Ова е толку едноставно и од технички аспект Министерството за правда мора да најде сила ова да го прифати, тука апсолутно не треба да расправаме за ваква ситуација затоа што ова е техничка работа и се работи за едно прочистување на тој список што го имаме. Конечно ќе видиме кои луѓе кој и како гласале и како гласаат, дали воопшто биле во државата за време на гласањето и покрај тоа што некој гласал за. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Караџоски, повелете, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе. Сега овој амандман кој го предлага пратеничката група на ВМРО-Народна партија никако не може да се гледа издвоен од оној претходниот. Колегите кажаа што кажаа во контекст на поддршка на овој амандман со аргументација на истиот. Јас ќе се потрудам да искажам свои забелешки, односно аргументи и зошто сметам дека ова е еден од посуштинските амандмани за кои треба сериозно да се обрне внимание.

Почитувани колеги, јас би сакал да ви обрнам внимание и да ве потсетам дека уште кога беше расправата по првата фаза, Предлогот за донесување на изборниот законик, ние како пратеничка група обрнавме внимание и укажавме на тогашниот текст, на тогашната варијанта, меѓу оние четири-пет крупни забелешки кои ги имавме беше и оваа забелешка и тоа го правевме со право. Еве зошто сметаме дека сме во право.

Ако се анализираат сите избори наназад, една од главните забелешки во однос дали тоа некој го прави од алиби или аргументирано, секогаш се забелешките во делот на избирачкиот список, поточно кој гласал за друг, дали тој изборачки список го опфаќа вистинското гласачко тело, дали таквиот список е надуен и со мртви лица, дали таквиот список е надуен и со граѓани кои имаат право да гласаат но се на привремена работа во странство па не се знае кој од нив се вратил во Република Македонија, дали воопшто се вратил, дали некој го злоупотребил неговото право, па гласал за него и тн. Јасно е дека предлагачот односно Владата на Република Македонија заради укажувањето на ОБСЕ и другите меѓународни структури дека една од аномалиите за изборите е токму избирачкиот список, односно тој да биде јасно дефиниран со вистинскиот и реалниот број на гласачи кои имаат право да гласаат и дека тука, особено во албанскиот електорат се прават најголемите манипулации.

Затоа, почитуван претседателе и почитувани колеги се јавувал процентот од 103,20%, па се јавувало еден кандидат да има 13 илјади а другиот нула, па се јавувале не знам какви други резултати, затоа што ваквите гласачи, ќе потенцирам особено кај албанскиот електорат, кои што се на привремена работа во странство, некој да го злоупотреби, па со нивните имиња, со нивното право на глас и нивното гласање ги полнел кутиите. Мислам дека ова не го измислувам, има многу потврди за тоа, а имавме прилика да видиме и на последните локални избори снимени на камера како се полнат кутии и тн. Можеби граѓаните ќе се прашаат од каде некој знае кои гласачки ливчиња да ги земе или што да се заокружи на избирачкиот список за да се гласа за друг, за да не се случи другиот да дојде да гласа. Заради тоа токму со овие лица кои се на привремена работа во странство најмногу и најлесно се манипулира. Прашањето сега е дали со ставањето на ѕвездичка покрај името на оној граѓанин кој што има право на глас а е на привремена работа во странство се постигнал ефект, ние и во претходниот мандат а и сега истото го тврдиме дека со тоа ништо не се постигнува, таа ѕвездичка не значи ама баш ништо, освен што одбележува дека на тој список има некакво лице кое е на привремена работа во странство. Но тоа не докажува дали тоа лице е вратено од привремена работа, дали моментално престојува во Република Македонија и дали таквото лице, ако е тука, гласало или не гласало. Тоа е едната работа.

Втората работа, да се стават ѕвездички пред име делува малку навредливо за самата личност, затоа што издвојувањето и ставањето на било какви белези пред име на некого навистина е на некој начин дискриминација. Тоа е исто како една групна слика, да претпоставиме ваша слика во младоста кога сте студирале или учеле во приштина, во тинејџерските денови и во оној клас во кој сте учеле заедно со останати ваши колеги да прашате некого кој сум јас на оваа слика, а на таа слика се 50 души. Никој овде нема да знаеме кои сте, но ако ви ставиме ѕвездичка на главата сите ќе знаеме, мислам на сликата. Сигурно тоа не значи дека токму таа ѕвездичка на тоа лице обележана на сликата сте токму вие, затоа што само вие знаете кој е на сликата. Сите ние овде можеме да бидеме доведени во заблуда и

благодарение на таа ѕвездичка да кажам ова е Љупчо Јордановски.

Заради тоа, нашиот предлог е таквите лица да се издвојат на посебен список. Ова не е некое чудо, ова не го измисливме ние. Со оглед дека самиот законодавец во членот 46 веќе издвојува неколку категории на гласачи, тоа се оние гласачи кои се привремено на воена вежба или на отслужување на воен рок, зошто сега на нив да не им ставиме ѕвездичка, така? Нив ги издвојуваме на посебен список, или оние кои се на отлсужување на казна затвор. И нив ги издвоивме на посебен список и со таков список се гласа. Значи логично е прашањето зошто овие се издвоени на посебен список, а овие лица не можат да бидат издвоени на посебен список, што е разликата, што ги прави различни. Ниту одењето на отслужување на воениот рок, ниту служењето казна затвор не е нешто кое би било било каква дискриминација на некого, туку едноставно можност со еден друг список да се знае точниот број. Зборувам за точниот број на оние лица кои се на отслужување на воениот рок, кои се на воена вежба или кои се на издржување на казна затвор. Ако ги издвоиме и граѓаните кои се на привремена работа во странство на посебен список, не само што ќе ја знаеме точната состојба колку такви граѓани имаме на привремена работа во странство, не само што ќе ги знаеме точно евидентираните, туку со таквиот издвоен список ќе ја знаеме и фактичката состојба од ден во ден, затоа што на еден посебно издвоен список точно може да се следи дали некој се вратил, дали некој пријавил престој, дали некој пријавил отсуство и тн. На еден список кој е огромен, на кого имаме еден куп забелешки како граѓани дали во меѓувреме некој умрел и тн., не може да се исконтролира оваа состојба.

Затоа ние почитуван претседателе, не ние како пратеници туку зборувам како граѓани и оние служби во надлежност на Министерството за правда, најтешкиот проблем, да не речам рак рана во Република Македонија сметаме дека е избирачкиот список, особено во овој дел. Не е во прашање само техниката, во прашање е многу повеќе суштината на проблемот. Еве, јас ќе ве прашам, веројатно вие знаете, веројатно знаат и колегите.

Една од првите работи што се отпочна пред донесувањето на овој законик, значи паралелно откако почнаа разговорите со оние претставници на политички партии и експерти за изготвување на овој закон значи уште пред првата фаза се формира одредена комисија во која членуваа или присуствуваа одредени членови на политички партии, некој одеше, некој не одеше, но се со цел да се ажурира тој список и да се дојде до една вистинска реална постапка. И, како заврши? Заврши неуспешно како и сите претходни обиди. Повторно ќе го имаме истиот избирачки список и верувајте повторно ќе ви излезе ВМРО-ДПМНЕ на чело со Груевски и покрај тоа што му го прифативте тоа што му го прифативте и утре ќе ви каже, доколку изгуби, дека изборите се фалсификувани затоа што ви гласале 200 илјади граѓани кои не постојат односно се вишок, а некој уфрлал ливчиња за нив.

Тоа ни се случувало и на претседателските избори, тоа ни се случуваше и на локалните избори, па еднаш ќе кажеме дека се фалсификат затоа што таа бројка ни е висока, но зависно од резултатот другиот ден ќе го смениме исказот и цело време можеме да манипулираме со јавноста дека нешто се фалсификува или не се фалсификува.

Нашата цел како партија, како пратеничка група, милион пати го кажав, уште еднаш ќе повторам, верувајте не само да одолговлекуваме или некој како што не претстави дека сакаме да го пролонгираме датумот на изборите кој вие најверојатно ќе го објавите, согласно Уставот, целта ни е навистина суштински да се уреди оваа материја онака како што треба да немаме заблуда, да немаме простор, законски простор да дадеме некому за да може да си игра, независно кој е тој, да може да си игра со граѓаните ова не е лошо, она е лошо и заради ова или она изборите се фалсификувани. Повторно бројката од 200 илјади ќе фигурира.

Значи, јас ви тврдам и убеден сум дека со ѕвездичката ништо не е решено. Тоа е само алиби на власта дека еве тоа ние го средивме, а можеби таа има намера да го прави тоа што до вчера го правеше Груевски на своите прес конференции, нормално, кога ќе изгуби на избори.

Сега, во контекст на еден добар закон, се е ова во контекст на вистинска регулатива, јас ќе кажам кога пред некој ден го цитирав одговорот од Владата на Република Македонија доставен до Европската унија на Прашалникот кој ни беше доставен, во кој децидно набројуваме кои се наши приоритети и што ние ќе направиме. Секоја втора реченица е дека ќе спроведеме фер и демократски избори. Дури и премиерот во Брисел го кажа истото.

Е, ако сакаме фер и демократски избори треба фер и демократски да се однесуваме и во оваа постапка и во изготвувањето на законот, а не некој излегува, некој не влегува, други не можат да формираат кворум, па мора ние да ви помагаме, но ние не ви помагаме, ние се бориме за нашите амандмани.

Од друга страна сега се потврдува и со прифаќањето на амандманите, но и одредени други дискусии кои ние ги презентираме за разлика од другата опозиција која апсолутно не е заинтересирана за изборниот законик, се потврдува дека одредени аргументи, вклучително и ова што го зборувам, сме во право. Затоа постои оваа парламентарна дебата и не случајно постојат фази кои некој ги измислил да имаме прва фаза, да имаме втора фаза за да преку оваа битка, преку оваа расправа дојдеме до суштината на проблемот.

Еве, јас сум убеден дека  вас претседателе ве убедив и ако зборувам уште половина час сигурно дека ќе убедам уште некој друг.

Мислам дека можеби се за некого нервозни, досадни нашите дискусии, но се аргументирани. До крајот на расправата, верувајте, уште многу амандмани или ќе бидат прифатени или ќе бидат изгласани токму врз база на овие аргументи што сега ги зборувам.

Да не должам, да не испадне да ве разубедам, да направам контраефект, издвојувањето на посебен избирачки список е позитивно решение и тоа е единствено решение, убеден сум, дека е прифатливо и за Меѓународната заедница и за сите нас. Тоа треба да го направиме.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, бидејќи премногу често се обраќате до мене, јас имам еден мал коментар.

Дали ќе ме разубедите или ќе ме убедите или нема да ме разубедите, сепак тоа е мое прашање, но јас сум навистина длабоко разочаран од вашата дискусија.

Спомнавте некои слики од моето детство во Приштина. Точно, имам такви слики, шесто одделение со група и спомнавте дека ако има ѕвездичка горе дека никој нема да ме препознае. Се надевав, бидејќи имам респект спрема другите, барем да кажавте да постои некој ореол над мојата глава, тогаш ќе ме препознаат и да се сликав посебно, сигруно ќе ме препознаат. Но, јас тоа не го сакам ниту ореол, ниту да имам слика посебно, бидејќи јас сум сепак со сите заедно. Така што, господине Караџоски ме разочаравте во таа насока.

Повелете господине Караџоски може ова како реплика една минута.

**Жарко Караџоски:**  До некаде ви е коректна репликата, но намерно не спомнав круг околу главата за да не се свати ореол, не сакав да ве претставам светец.

**Љупчо Јордановски:** Видете, светците се раѓаат, не се створаат. И оние што се светци сега прогласени се раѓаат, биле родени, ако ја знаете историјата на било која религија. Тие постоеле во светот, во животот.

Господине Флоровски повелете, бидете кратки.

**Александар Флоровски:** Претседателе, нема шанси да завршам до 18,00 часот.

**Љупчо Јордановски:** Не, не, тогаш ќе ја прекинам.

Добро, продолжуваме во понеделник во 11,00 часот на барање на господинот Флоровски.

**Александар Флоровски:** Не, не, не барав ништо, не манипулирајте, ништо не сум побарал јас.

(Седницата заврши со аплауз)

(Седницата прекина со работа во 17,27 часот).